СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**СОДРКЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПЕТТОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 8.06.1993 година.**


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 35
2. АНДОНОВ ТИМЕ - 42
3. АРСОВ ДРАГИ- 8 9
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 29, 30, 31, 34, 38, 40, 42
5. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 43, 78
6. ИВАНОВ ИВАН - 20, 33, 37, 85, 87
7. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 68
9. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 13, 16, 22, 25, 54, 58, б1, 66, 70, 72, 86, 89, 90, 97
10. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 40
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 70, 98
12. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 96
13. МАНЧЕВСКИ СТОЈАН - 99
14. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 33
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 54, 57, 60
16. СТАНКОВСКИ РИСТО - 80
17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 17, 51, 62, 63, 66, 72, 81
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 12, 14, 18, 39, 41, 48, 53, 77, 79, 83, 84, 93
19. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 95
20. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 67
21. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 49, 64, 101


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 8.06.1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски Славјанка Стојанова ме известија дека од оправдани причини не се можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член ?ав 1, член 3 став 1, член 22 за бришење на став 2,член 58 став 1, l 62 став 2 и на член 16 став 1, член 15 став 4, член 16 став 2, 5, член 17, член 76 став 1,2,3 и 4, член 78 став 1,2 и 3, и \ 99, член 102 став 1 и член 106 став 2 за бришење на член 64, ј 65 став 1 и 3 и за додавање нов став 4. Член 110 став 4, член ;за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 115 за додаваше став по ставот 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот законот.

Пратеникот Ванчо Младенов поднесе амандмани на член 9 за бришење на став 2, член 9 за менување на текстот на став 4 и за додавање нов член 18-а со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Петар Георгиев, поднесе амандмани на член 3 став 1 за бришење на точка г и на член 84 став 1 со кој се согласила Владата на РМ и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Петар Георгиев поднесе амандмани за додавање на нов член 18-а за бришење на членовите 25,26,27,28,29 и 30 за менување на текстот на член 25, член 26 став 1, за додавање нов член 40, 40-а под глава 3, член 93 став 2, член 94 став 1 и член 108 став 1 со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Петар Георгиев поднесе амандмани на член 22 став 2 на насловот на главата 7 , член 94 за менување на став 1 и на член 110 став 3 и за додавање нов став по ставот 3 и истите ги повлече на седницата на Комисијата за стопанство.

Пратеникот Душко Горгески поднесе амандман за менување на член 25 и за бришење на член 2 6 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Иван Иванов, поднесе амандмани на член 25 став 1, член 64 став 4, член 93 став 1, член 94 став 1 со кој се согласила Владата на РМ и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот

Пратеникот Иван Иванов, поднесе амандмани на член 1 став 2, член 7 став 1 и 2, член 9 став 2 и 4, член 14 став 3, член 15 став 4, член 16 став 5 за додавање нов член 19-а, за менување на текстот на член 34, член 93 за менување на текстот на ставот 2, член 106 став 3, и б и на

член 110 став 2 и 3 за додавање нов став по ставот 3 и за бришење на ставовите 6 и 7 со кој не се- согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Иван Иванов, поднесе амандмани на член 1 став 2, член 3, член 6 став 2, член 7 став 1, член 7 став 2, член 8, член 14 став 3, член 21 за додавање на нов став, член 23 став 3, за додавање на нов член по членот 24, член 25 став 1, член 26 став 1, член 34, член 58 став 2 , член 62 став 2, член 64 став 4, член 65 став 1 и 3, член 93 став 1, член 93 за заменување на текстот на став 2, член 94 за заменување на текстот на став 1, за бришење на член 105, член 106 став 2, член 106 став 3, член 106 став 5, член 108 за бришење на став 2, член 109, член 110 став 2 и 3, член 110 став 4, за додавање нова реченица, и за бришење на ставовите на член 110, 6 и 7 и истите да ги повлече.

Пратеникот Иван Иванов, поднесе амандман на член 8 кој Владата на Република Македонија го прифати во модицифирана форма.

Пратеникот Тиме Андонов, поднесе амандмани на член 1 став 2 за менување на текстот на член 25, за менување на текстот на член 26, член 58 став 1, член 62 став 1, за бришење на член 64, за бришење на член 65, член 72, член 79 за бришење на став 3 и на член 108 за бришење на став 2, со кој не се согласила Владата на РМ.

Пратеникот Тиме Андонов поднесе амандман на член 1 став 2, и истиот на седницата на Комисијата за стопанство го повлече.

Пратеникот Симеон Ивановски, поднесе амандман на член 110 став 3, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

I/4.-

Пратеникот Симеон Ивановски, поднесе амандмани на член 19 став 2 за менување на текстот на алинеја 2, на член 26 став 1 и 2 и за бришење на став 3, за додавање нов член 27-а, член 45 за менување на текстот на алинеја 1 со кој не се согласила Владата на РМ.

Пратеникот Симеон Ивановски, поднесе амандмани на член 22 став 2, член 47 за бришење на став 2, член 62 став 4, и на член 66 за бришење на став 3 и истите на седницата на Комисијата за стопанство ги повлече.

Пратеникот Наќе Стојановски, поднесе амандмани на член 25 став 1, член 19 за менување на текстот на став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19 став 3 со кој не се согласила Владата на РМ.

Пратеникот Теодосие Паунов, поднесе амандмани на член 25 став 1 и за менување на текстот на став 2 и за менување на текстот на член 26 со кој не се согласила Владата на РМ.

Пратеникот Ефтим Манев, поднесе амандмани на член 9 за додавање 2 нови става по ставот 3 , за менување на текстот на член 25, член 82 за додавање нова алинеја 1 и на член 107 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Ефтим Манев, поднесе амандмани на член 26 став 3 и на член 64 став 1 и 2 и истите на седницата на Комисијата за стопанство ги повлече.

Пратеникот Ефтим Манев, поднесе амандмани на член 107 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Санде Давчев, поднесе амандман на член 40 за додавање нов став 2 со кој не се согласила Владата на РМ.

І/5.-

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 115 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнесла.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амандмани на член 23 за менување на текстот на став 1, член 25 став 1, член 26 став 1 и 2, член 31, член 35 став 2, член 42 став 2, член 45 став 1, член 46, член 47, член 53 став 2 , член 57 став 3, член 59, член 62 став 1, и за бришење на став 2, член 63, член 66 став 3, член 67, член 68 и член 72 со кој Владата не се согласила.

Пратениците Бранко Арсовски и Благој Тошев поднесоа амандман на член 3 став 1 за додавање нова точка ѓ и истиот на седницата на Комисијата за стопанство го повлекоа.

Пратеникот Шабан Превала, поднесе амандмани на член 1 став 2, член 7 став 1 и 2, член 8, член 9 став 2 и 4, член 14 став 3, член 15 став 4, член 16 став 5, за додавање нов член 19-а, член 25 став 1 за менување на текстот на член 34, член 64 став 1, член 93 став 1 и за менување на текстот на став 2, член 94 за менување на текстот на став 1, член 106 став 3 и 6, на член 110 став 2 и 3, за додавање нов став во ставот 3 и за бришење на ставовите 6 и 7, меѓутоа писмено не извести дека ги повлекува.

Пратеникот Симеон Наумовски, поднесе амандмани на член 21 став 2, за менување на текстот на член 26 став 15 став 2 за додавање нова алинеја, член 66 за менување на текстот на став 3 и на„,член 110 став 4 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Симеон Ивановски, поднесе амандмани за менување на текстот на членот 58, член 89, за менување на текстот на став 3 и на член 110 за додавање нов став по ставот 7 и истите на седницата на комисијата за стопанство ги повлече.

I/6.-

Пратеникот Трајан Мицевски, поднесе амандмани на член 3 став 1 за бришење на точката г, член 33 став 1, член 34 со кои се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Трајан Мицевски , поднесе амандмани за додавање нов член 19-а, член 21 став 1, член 25 став 1, за додавање нова точка г, член 43, член 79 за бришење на став 2 и став 3, за додавање на нов член 85-а, член 87 за додавање нов став, член 94 став 2 алинеја 2, член 102 став 1 за додавање нова точка 14, член 104 за додавање нов став 5 , член 33 за бришење на став 2 , член 36 за додавање нов став 4 и на член 90 за додавање нов став 5 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Трајан Мицевски, поднесе амандман на член 3 за додавање нова точка ѓ и истата на седницата на Комисијата за стопанство го повлече.

Пратеникот Горѓи Котевски, поднесе амандмани на член 1 за додавање нов став по ставот 2, за менување на текстот на член 20, за менување на текстот на член 21 и за додавање нов член 88-а со кој Владата не се согласила.

Пратениците Никола Крстевски, Љубосав Иванов, Благој Чкатроски и Владимир Митевски поднесоа амандмани на член 19 за менување на текстот на став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19 став 3 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 3 став 1 за додавање нова точка г истиот на седницата на Комисијата за стопанство го повлече.

Пратеникот Димитар Трпеноски, поднесе амандмани на член 19 за менување на текстот на став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19 став 3 со кој не се согласува Владата на РМ.

Пратеникот Димитар Трпеноски, поднесе амандмани за менување на текстот на член 19 и за додавање на 2 нови члена 19-а и 19-6 и за бришење на членовите 26,27,28,29 и 30 по кој Владата не се произнесе

Пратеникот Љубисав Иванов, поднесе амандмани на член 19 за менување на текстот на став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19с тав 3 со кој не се согласува Владата на РМ.

Пратеникот Томислав Пецаков, поднесе амандман на член 19 за менување на текстот на став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19 став 3 со кој не се согласила Владата на РМ.

Пратениците Трајан Мицевски и Флоре Масалковски , поднесоа амандмани на член 19 за менување на текстот ан став 1, член 19 став 2 алинеја 1 и на член 19 став 3 со кој не се согласила Владата на РМ

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 19 став 3 член 14 став 3, член 17 член 25 став 1, член 29 за додавање нов став, член 50 став 2 за додавање на 'нов став 3,

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 12 став 3, член 14 став 3, член 17, член 25 став 1, член 29 за додавање нов став 3, член 37 став 2, член 48 став 1, член 48 став 1 и 2, член 50 став 2, член 51, член 90 став 1, член 93 став 1 и на член 99 со кој Владата се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 2 став 1, член 11 став 4, член 16 став 5, член 22 став 2 член 34 став

3, член 37 став 1, член 49, член 57 став 3, член 90 став 3, член 93 за менување на текстот на став 2, член 95 став 1, член 96 став 2, член 96 став 3, член 110 став 2 и на член 110 став 6, со кој Владата не се согласила.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 14 став 3 со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Стоиле Стојков, поднесе амандмани за менуваше на насловот на законот, за менување на текстот на член 1, за менување на текстот на член 2, за менување на текстот на член 3, за менување на текстот на член 8, за менување на текстот на член 10, за менување на текстот на член 11, за менување на текстот на член 12 за менување на текстот на член 11, за менување на текстот на член 14, за менување на текстот на член 15, за менување на текстот на член 16, за менување на текстот на член 17, за менување на текстот на член 18, за менување на текстот на член 19, за менување на текстот на член 20, за менување на текстот на член 21 , за менување на текстот на член 22 за дополнување на насловот на главата 2, за пренумерација на членовите 33, 34 и 35. За менување на текстот на член 26, за додавање нова глава по членот 26, за менување на текстот на член 27, за додавање нова глава по членот 27, за менување на текстот на членот 28, за менување на текстот 29, за менување на текстот на членот 30, за додавање нова глава по членот 30, за менување на текстот на членот 31, за менување на текстот на член 32, за додавање нова глава по членот 32 за менување на текстот на член 33, за менување на текстот на член 34, за менување на текстот на член 35, за менување на текстот на член 37, за менување на текстот на член 38, за менување на текстот на член 39, за менување на текстот на член 40 и за менување на текстот на член 41 со кој не се согласила Владата на РМ.

I/9.-

Пратеникот Ристо Станковски, поднесе амандмани на член 10 и на член 110 за додавање нов став во ставот 4 со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Душан Трпчевски, поднесе амандмани на член 2 став 2, член 3 став 1 и на член 19 за менување на текстот на став 1 со кој Владата не се согласила.

Комисијата за здравство поднесе амандман на член 3 став 1 и 2, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Шабан Превала и Џелил Таири поднесоа амандмани на член 17, член 33 за менување на текстот на став 1 и на член 96 став 2 по кој Владата не се согласила.

Пратеникот Томислав Стефковски, поднесе амандмани на насловот на законот, на член 1 став 2, член 2 став 2, за менување на текстот на член 3 на член 5 за бришење на став 1 на член 7 став 1 и 2 , на член 8 на член 9 став 2, за менување на текстот на член 1 и за бришење на член 12 со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Благој Тошев, поднесе амандмани на член 3 став 1, за бришење на точка б, член 3 став 1 за додавање нова точка ѓ и на член 5 за додавање нов став по ставот 2 со кој Владата не се согласила.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 1 став 2, член 16 став 2 , член 19 став 2 алинеја 2, член 45 алинеја 1, член 65 став 3 и на член 110 став 4 со кој Владата не се согласила.

I/10.-

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 12 став 1 и 2, член 17, член 27 став 2, член 30 став 1 и 3, член 36 став 1 и 3, член 40, член 71, член 76 став 1, член 78 став 2, насловот на глава 7 , член 96 став 2, член 98 став 1, член 102 став 1, член 103, член 104 став 3 и 4, член 110 став 2 и 3 и член 110, член 113 став 3, член 114 став 1 и член 116 со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 91 став 1, член 38 став 3, член 94 став 1 алине!ја 2, член 107 став 3 и на член 109 со кој Владата не се согласила.

Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандмани на член 9 став 3, за додавање нов член19-а, член 58 став 1, член 60 за додавање нов став во став 1, член 65 за додавање нов став 3, член 77 став 1, член 89 за додавање нов став по ставот 3, член 91, член 93, за менување на текстот на став 2, член 93 за додавање нов став по ставот 3, член 94 став 2 и на член 112 за додавање нов став по став 1 со кој Владата не се согласила.

Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандман на член 51 со кој се согласила Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Драги Арсов , Петар Темелковски и Драги Грозданов-ски поднесоа амандмани на член 15, став 1 за бришење на алинеја 3, член 15 став 1 за бришење на алинеја 6, член 15 аз бришење на став2, член 18, член 22 став 1, член 24 став 1, член 24 за бришење на став2, член 25 став 1 точка а, член 25 став 1 точка б, член 25 став 1 точка в, за додавање нова точка г, член 26 став 1, член 26 став 2, член 30, член 41 точка 1, член 41 точка 2, на поднасловот 1, член 42 став  член 42 за

менување на текстот на ставот 2, член 43, за бришење на член 46 за бришење на член 47, на поднасловот 2 , член 50 став 2, член 51, член 53, член 55 точка 1, член 56, член 57 став 3, член 59 став 1, член 62 став 1, член 62с тав 3, член 62 за менување на текстот на став 4,

II/1.- ПЈ/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:** /продолжение/

Член 63 став 1.

Член 63 за бришење на став 2.

Член 63 за бришење на став 3-

За бришење на член 64.

За бришење на член 65. за бришење на член 66, став 3

За бришење на член 67 за додавање на нов член 88 по членот 87.

На член 108 за бришење на став 2 и на член 110 за менување на текстот на став 2 и 3 и за додавање на нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 99 за додавање на нов член 103-а, за додавање нов член 11-а на член 301, точка а) за додавање нови точки 6-1, г-1, г-2 за менување на текстот на точка д) и за додавање н а нов став 3 по ставот 2 и на член 110, став 1 за менување на ставовите 2,3,4,5,6 и 7 со нов став 2 и на став 8 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Законот поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

Господин Стојков

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не соодветствува согласно членот 7 од Уставниот закон каде што се вели дека собранието на РМ ќе донесе закон за начинот на трансформација на општествената сопственост. Затоа мојот предлог е да биде насловот на закон Предлог на закон за трансформација на

капитал, односно мислам дека треба да се признае дека со еден ваков закон ќе се промени сопственичките односи , пред се, значи, како што и во својот предлог Владата Предлогот на законот предвидува дека ќе имаме еден вид државна и приватна сопственост, а тоа не сака да го признае, мислам дека еден ваков наслов е посоодветен затоа што во моите понатамошни амандмани токму тоа се предвидува, општествената сопственост да се подели во овој случај, поаѓајќи од она како е настаната, од генезата на настанокот на таа општествена сопственост, да се подели на државна, приватна, односно акционерска. Мислам дека е посоодветно насловот на Законот да гласи Предлог на закон за трансформација на општествениот капитал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

База збор г-дин Миљовски

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата беше односно размислуваше дали вака треба да гласи насловот, законот како што го предлага г-динот Стоиле, Стојков,или онаков каков што го дадовме. Меѓутоа,  насловот д дадовме, заради тоа што има една битна карактеристика на нашата трансформација. За разлика од речиси сите источни европски земји. Кај нашата трансформација се задржува целокупноста на претпријатието. Тоа значи претпријатието ја задржува својата лична карта, својот идентитет го задржува својот пазар, го задржува својот производен програм, ги задржува своите вработени. Она што се менува е еден дел во претпријатието, а тоа се сопственичките односи, структурата на сопственост во претпријатието. Бидејќи, фактички, се трансформира сопственоста во претпријатијата, но претпријатијата како целина остануваат, сметавме дека е многу посоодветен овој наслов и им се чини

дека нема смисла сега во трета фаза да го менуваме насловот на Законот и затоа инсистирам да остане оној наслов кој што го предложевме. Истата аргументација ќе важи и за следниот амандман со една минимална разлика е на иста линија со овој.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас не сакам да бидам погрешно сфатен дека предлагајќи амандмани еден нов модел ч со измената на насловот на Законот, сакам претпријатијата да ги направам да не бидат една целина. Токму ч за тоа се работи да останат една целина со едни сопственички односи, каде што ќе биде дефинирана државната сопственост во еден процентуален износ и другите сопствености, акционерски, на фондот итн. Дали погрешно дос фатив министерот дека ме импутира на некој начин, дека заговарајќи еден ваков амандманиски модел сакам на некој начин да ги подлеам претпријатијата. Тоа е првото.

Второ, исто така, ч во понатамошната расправа ќе дојдеме и до мојот амандман III каде што исто Владата има едно решение дека одредени фирми коч се од јавен интерес за РМ стануваат јавни претпријатија. Ние треба децидно да кажеме дека во сите држави такви јавни претпријатија се државна сопственост коч работат од јавен интерес за сите граѓани во дотичната држава. Така и кај нас треба да биде ч дека треба токму тоа е ч во Предлогот на законот што го предлага Владата стои дека тие фирми не се приватизираат на некој начин. Затоа, велам дека насловот на Законот треба да биде Трансформација на општествената сопственост, односно општествениот капитал. Затоа што и Владата во нејзиниот концепт односно модел предвидува дека тие

фирми ќе си останат една целина која ќе бидат за, односно ќе вршат јавни работи. Затоа, мислам дека треба да се признае дека тие фирми се на некој начин државни фирми. Зошто ние да се срамиме да кажеме дека нема кај нас во РМ државна сопственост, да не обвини некој дека се враќаме во тој централистички, социјалистички модел, кога државната сопственост постои и во капиталистичките земји, и во една Англија, Франција, Германија итн. Затоа, велам дека токму затоа треба да стои Трансформација на општествениот капитал односно сопственост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање:

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 14 пратеници

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на насловот на Законот поднесен од пратеникот Стоил Стојков.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници со целосно почитување на образложениeто што го даде претходникот г-динот Стоиле Стојков, сакам да кажам дека насловот на Законот не е во согласност со членот 7 од Уставниот закон каде што се говори за

трансформацијата на општествената сопственост. Во овој текст на насловот е уфрлено претпријатието, а тоа јасно зборува дека предлагачот има одредена цел да не се извршува целосна трансформација на општествената сопственост, едноставно се ограничува само на мал дел од општествената сопственост, "што значи дека си остава простор во иднина со други закони врши токму трансформација на пресотанатата сопственост која што овој закон би ја трансформирал само во проценти да кажам 10 до 15%. Оттука и свесно законодавецот, предлагачот избегнува да изврши целосна трансформација што е основното залагање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Од тие причини сметаме дека без проемна на насловот немаме и истиот не одговара на содржината која што треба да биде предмет на трансформација согласно Уставниот закон.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Господинот Стефковски има право дека ние со овој закон не предлагаме трансформација на целокупната општествена сопственост или на целокупниот општествен капитал и насловот на овој закон токму тоа и го потцртува. Со овој закон ќе приватизираме само претпријатија и тоа не сите претпријатија. Јасно е дека еден дел од претпријатијата ги исклучуваме од приватизација. Оттука, наслов во кој што би стоел дека е закон за трансформација на општествениот капитал, тоа би значело дека трансформираме се. А ние не трансформираме ни пошта, ни железница, ни здравство во овој случај, ни школство ч цела низа други дејности. Меѓутоа,што се однесува околу ориентацијата кон приватизација ми се чини дека тука нема разлика меѓу ниедна пратеничка група. Сите се за

II/6.-

трансформација. Меѓутоа сега Владата сметаше дека ќе биде да речам авантуристички со еден закон да се трансформира се. Ние сметаме дека ќе мора да се продолжи со трансформацијата и треба да се изработи проект посебен со кој што ќе се оди со трансформација во здравството, како што имаме низа амандмани. Треба да се оди со трансформација во земјоделството каде што треба да решиме цела низа специфични проблеми. Јавните служби воопшто како проблем на оваа држава исто треба на извесен начин да претрпат, барем да дозволат дореден тип на приватизација. Меѓутоа, тоа се толку комплексни проблеми и ние сметаме дека е опасно од една држава која што не функционира можеби најдобро, меѓутоа, како така ги задоволува некои основни потреби да почнеме дел по дел да менуваме и да го поделуваме и како што напредуваме со едната приватизација, така да одиме кон сите оние посложени и посложени форми на приватизација.

Уште нешто,овој закон не биде фактички, да речам еден урнек на кој што ќе се угледуваат и сите други закони кои што ќе предвидуваат трансформација, така што ова како модел ќе важи, меѓутоа во секој закон ќе се согледаат посебностите на таа област. Ми се чини дека тоа не е нешто што било кого во ова Собрание треба да го вознемирува. Напротив, треба да не смири што така да кажам со една желба за квалитет одиме во трансформацијата без да одиме со авантуристички потези.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Стефковски

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од излагањето на министерот Јане Миљовски јасно произлегува дека е ова типичен пример на избегнување

на нудење на вистински решенија во право време. Ова можам да го споредам и со постапката која што ни се нуди со законите со личната карта и матична евиденција. Значи, не се решаваат проблемите кога треба, туку се врши фактички одлагање на нивното решавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (делегатите креваат рака)

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Законот поднесен од пратеникот Томислав Стефковски

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 1 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор?

Г-динот Стоиле Стојков.

**СТИИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, во членот 1 на текстот на законот со амандманот II поднесен од моја страна предвидувам дека треба Законот, пред се, да се однесува на тоа да се пронајде генезата на постанокот на општествената сопственост односно да се навратиме во 1946 година кога со Уставот од 1946 година во тогашната СФРЈ а со тоа и во СРМ односно сега Република Македонија се изврши национализација на приватната сопственост некаде во 42 области од стопанството. Исто така, во 1948 година во други одредени области исто се изврши национализација. Што значи тоа? Општествена сопственост беше на

некој начин обелоденета така да ја наречам со Уставот од 1963 година и нормално со Уставот од 1974 година, каде што се дефинира една теоретска размисла на Марксистичките мислители од IX век дека таа хипотетична општествена сопственост ќе биде единствено само во тогашната СФРЈ. Јас мислам дека за да донесеме еден комплетен закон треба да се навратиме како што кажав на генезата на постанокот на тој општествен капитал и да извршиме негова трансформација со поделба на емпириски да се изразам така можни делители кои што ќе учествуваат во таа поделба, односно да се подели тој општествен капитал на државен и приватен односно акционерски. Исто така, во текстот на овој член еден со мојот амандман II предвидувам приватизација на државниот капитал да се изврши со овој закон. Тука се работи за приватизација само на државниот капитал ако биде поделен на начин на кој го предвидува мојот амандмански модел. Тоа е суштината на овој амандман II поднесен од моја страна на текстот на членот 1 од Законот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за молам да крене рака? (пратениците креваа1! рака)

15 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 1 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

II/9.-

Дали некој бара збор?

Господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пратеници, Јас најпрво сакам да изразам благодарност што Владата еден значаен број од предложените амандмани со коч од моја страна, со коч се врши квалитетно дополнување на Законот, ќе прифати ч со тоа тие станувaат составен дел на Законот. Меѓутоа, поаѓајќи од предложениот амандман на член 1 став 2, кој што претставува едно доста суштествено прашање не можам да одустанам од она што сакам да го кажам ч покрај како што реков признанието на дел од прифатените амандмани. Мене ме зачудува ч фактот што и поедини работни тела коч што во расправата прифатија дел од амандманите за да можат поради дореден недостаток или не знам од коч причини во последен момент тој труд кој што беше заеднички вложени да биде на крајот ч омаловажен ч да се откаже од таквите амандмани, што мислам дека не е коректно и ако вака чувствувам за потребно сигурно дека елементот на меѓусебното договарање со желбата да се дојде до побрзото донесување на закон треба да биде ч основната цел.

Зошто не се слагам да се отстапи од овој амандман?

**ИВАН ИВАНОВ**: (продолжение)

Бидејќи се задира во едно прашање кое што непосредно е врзано со ангажирањето на безброј работници во нашата земја во изминатите 45 години од развојот и во стварањето на така наречениот и употребен термин општествен капитал кој што е и предмет на расправа денеска. Тоа се, така би рекол, животни издвојувања на поголемиот број работници, а поголем дел од нив, и заминаа во пензија со доста скромни пензии поради што денеска го чувствуваат товарот од тие нивни напрегања и издвојувања- Сето тоа обврзува на ова прашање да се обрати посебно внимание, особено што овој дел на амандманот по- веќе е од една принципиелна природа, затоа што дава можност во делот на трансформацијата да биде користена и формата на бесплатно издавање на акции. Ова до толку прифатливо а за мене не сфатливо што тоа не е прифатено што во еден дел од законот веќе на инвалидските пензиските фондови е применета едно вакво решение, и зачудува фактот како може да се применува селективност за одредени намени кои сигурно дека заслужуваат внимание и потреба меѓутоа на оние кои што го стварале

овој капитал се прави една голема неправда и таа можност како алтернативно решение изостанува. Сакам да кажам дека ова решение што се предлага со амандманот не се однесува на некоја раководна структура,,или не се однесува за некој тесен круг на луѓе . Напротив ова се однесува на една поширока група на граѓани кои 45 години дале допринос за стварањето на овој капитал. Дотолку е тежината поголема што во овој дел кога зборуваме дека и според Уставот применетите мерки треба да бидат подеднакво, с о ова се прави на некој начин едно подвојување. За одредени намени се дозволува едно решение а за други тоа право се ускратува. Од тие причини јас уште еднаш апелирам до ресорниот министер, а и до вас пратениците да го прифатите овој амандман бидејќи тој иде како на линија на една правичност спрема оние

кои што створале и имаат удел во создавањето на овој капитал, од друга страна тоа ќе значи и допринос за побрза трансформација. Да не се залажуваме дека некој чека со торба пари, или од страна заинтересирани и оваа трансформација преку ноќ да ја спроведеме. Напротив ова ќе биде еден чекор кон остварувањето на целта од каде што поаѓа и законот. Верувам дека ова мое образложение ќе значи и еден допринос вашето внимание да го свртите уште еднаш кон овој амандман.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Ние кај расправата околу овој амандман каде што начелно се уредуваат односите ако би го прифатиле предлогот на господин Иван Иванов тогаш овде би имале обврска фактички низ целиот закон да поведеме извесно бесплатно делење на акции. Јас во своето уводно излагање основно се осврнав на тоа зошто сум против бесплатното делење на акциите, меѓутоа би сакал да тргнеме од маса забуни со кои што може многу луѓе да бидат заведени. Имено, што беше целта кога го предложивме законот. Целта на законот е фактички подоборување на материјалната состојба на сите граѓани на оваа Република, тоа значи вработените. Сега, која е контратезата? Контратезата е следна Ако не се даде бесплатна акција фактички се онеправдуваат луѓето Јас ви тврдам дека не постои ништо по погрешно од тоа. Инаку, за- мислете едно денешно претпријатие кое што не создава доход што ќе им донесе, хартијата, акцијата на вработените? Ништо. Еден мал алиби, еден краткотраен алиби од месец дена и после тоа страшно разочарување дека повторно некој со туркање на една теза која што изгледа дека води сметка за нив не направи ништо. Од што ќе имаат вработените полза. Вработените ќе имаат полза само ако колективите во кои што работат стваоат поефикасни, ако создаваат доход. Но едно е очигледно.

III/3

Сегашните односи на управување многу тешко можат да се променат одеднаш во правец да создадат профит. Ако нема профит тогаш тоа бесплатно делење на акции нема никакво значење за работниците. Тоа е, простете на израз, меѓутоа фрлање на песок. Што сакаме ние да направиме. Ние сакаме да донесеме луѓе кои што се доволно храбри и смели да направат радикални промени во управувањето со претпријатието, а преку тоа да го направат претпријатието профитабилно. Од тоа верувајте целото општество ќе има корист, меѓутоа ќе има корист и вработените, иако не е сопственик на акција. Дури, поголема корист отколку да има акција на слабо претпријатие кое што не создава профит, затоа што претпријатие кое што не создава профит, горе доле тоа е ситуацијата што денес ја имаме. Ова би значело конзервирање на сегашните односи и никаква суштинска промена. Дали има примери од животот кои што би ги потврдиле овие мои зборови. Кажете ми колку акции имаат нашите вработени во Германија и дали некој од нас ги смета нив за сиромашни луѓе. Напротив луѓето ја напуштаат оваа земја и одат во Германија да заработат сериозни пари и ние ги гледаме и сметаме дека многу заработиле, се збогатиле без ниедна акција. Зошто? Заради тоа што трудот е сериозно платен, добро платен. Таква треба да биде и оваа држава. Квалитетниот труд да се плати добро, а за претпријатие што не работи добро нема да успееме воопшто во таа реформа.

Постои уште една работа. Бесплатните акции значи генерално откажување од некаков прилив на пари во агенцијата т.е. во касата на државата. А тоа значи уште нешто. Тоа значи откажување од можноста преку заменување на она што е општествена сопственост за долговите кои што Македонија ги има. Т.е. ние имаме многу сериозен долг кон штедачите, ние имаме многу сериозен долг кон надворешните партнери.

Со принципот на платена приватизација ние барем имаме шанса еден дел од тие долгови да ги подмириме со парите што ќе се добијат од приватизација. Јас во уводното излагање ја спомнав Унгарија каде што сите пари од приватизацијата одеа за намирување на долговите на државата. Ние сега заговараме принцип во кој што бес- платно ќе ги поделиме фабриките , само на вработените внатре и практично на следните генерации ќе им ги оставиме долговите да ги плакаат. Тоа се работи кои барем за мене се неприфатливи. Јас нема понатаму да образложувам на таа тема, ми се чини дека веќе се повторуваме, многу пати сме ги вкрстиле копјата за истото ова. Меѓутоа ме збуни што тука се спомнати пензионерите во врска со овој член, затоа што тоа не е метод на трансформација и ние фактички со овој закон како ретко во кој друг закон водиме сметка за постарите генерации. Овој закон одвојува сериозен дел од акциите и ги дава на пензискиот фонд токму за да ја обезбеди иднината на сите оние кои што отишле во пензија досега и сите оние кои што наскоро ќе одат во пензија за да им ја направи староста малку потешка, да не ги донесуваме тие луѓе во социјални кризи, кризи на немаштија.

Оттука, закон кој што фактички приватизацијата е платена а само како пандан на нејзе имаме одвојување на средства за пензискиот фонд бесплатно, во никој случај нема потреба по уводната глава каде што се кажуваат принципите врз кои што базира законот да се спомне бесплатното делење на акции затоа што е очигледно дека таков тип на закон оваа Влада не предлага, ниту може да прифати како свој модел.

Звучи добро бесплатна акција, меѓутоа јас ги молам сите оние кои што ќе мислат дека е добро да помислат само што им вреди една акција во претпријатие кое што не создава профит. Не вреди ништо, а отвораме една сериозна можност за злоупотреба. Јас не тврдам дека таа

злоупотреба мора да се случи. Меѓутоа многу е можно следново. Низа претпријатија да бидат намерно доведувани во некоја ситуација да престанат да исплатуваат дивиденди, акцијата да стане безредна. Станувајќи безредна лесно би се отстапила на одредена група луѓе па таа група луѓе која ќе ја добие власта на овој начин, преку ваквото добивање на акциите наеднаш претпријатието ќе се покаже дека не е толку лошко колку што се претставувало многу пати. Јас како министер не можам да гласам за нешто од што мислам дека вработените нема да имаат фактички корист, колку и да изгледа приметно и нешто што мене ми мириса дека ќе роди големи зло- употреби.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, јас му благодарам најискрено на господинот Миљоски за даденото образложение по однос на она што го реков како образложение со тоа што со целиот респект и на неговото ангажирање и на неговото залагање,меѓутоа морам да кажам дека и тој самиот верувам дека не е убеден за дел од работите за кој зборуваше, иако сум согласен дека тој пред сите нас е најодговорниот што треба да придонесе за побрзо усвојување на овој Закон. Нормално е во неговата позиција тоа така да ги брани работите сврзани со законот- Меѓутоа, кога реков не се согласувам мислам на следното. Не станува збор за забуна, не станува збор за тоа дека треба да правиме некое онеправдување. Ова што е кажано по амандманот се однесува за еден принципиелен пристап и тој колку се однесува за луѓето од претпријатијата кои го створале овој општествен капитал истото може да се однесе и на секој граѓанин, или и на вработените во јавниот сектор кој што исто така имаат своевиден допринос. Според тоа се работи за еден принципиелен пристап во градењето и во стимулирањето во делот на спроведувањето на трансформацијата Овде не станува збор за претпријатие во кои

општествениот капитал е девалвиран или дека тие претпријатија не работат успешно. Напротив ние треба како Собрание да бидеме заинтересирани и да обратиме внимание токму на претпријатијата кои што работат добро, претпријатијата во кои што е створен еден јак општествен капитал кој што побрзо треба да се трансформира да се даде во рацете на оние кои што понатаму подобро ќе господарат. Меѓутоа не се согласувам дека трансформацијата и законот треба да бидат елемент, како што рече господинот министер, ако правилно го сфатив, можност да се соберат средства во агенцијата. Агенцијата е една асоцијација, инструмент кој што треба да заврши одредена работа а не да биде место каде што ќе се прелее капиталот кој што бил создаван долги години, и со макотрпност, со големи издвојувања на низата генерации кои што во изминатите 45 години придонеле за развојот на Републиката. Особено што апсолутно нема една убедливо со делот на примената на решенијата во член 19 каде што тоа веќе се применува, а овој член, овој амандман токму го тангира и ова нешто. Сигурно дека членот 19, во кој се спомнува 15% се дава бесплатно на некој начин и коинцидира , впрочем и понудениот амандман практично значи еден вид можност на делот на трансформацијата. Тоа значи го дополнува и решението на членот 19.

Дали ова значи чекор назад и успорување на трансформацијата како што беше кажано во образложение, тоа ќе значи распродажба, ќе значи растоварување, јас имам друго мислење, а тоа мислење го делам со поголем дел луѓе стопанственици, не оние кои што често пати со прст упоруваме дека го украле капиталот. Напротив оние кои и денеска придонесуваат за стварањето и оплодувањето на тој капитал и може со полно примери да се пофалат што е направено за оваа Република, пред се за целиот процес на Републиката, бидејќи на флеките на тој капитал

денес живее оваа република и во голем дел и носи сите последици по разните издвојувања и за јавната потрошувачка, се она што е врзано со буџетот на Републиката. Според тоа, желбата е да се помогне, понатаму створеното во континуитет уште подобро да се оплодува и да му донесе и на оној што ќе работи во дотичното претпријатие, па и на пошироката заедница да се свараат уште по- големи благодети во користењето на овој створен капитал, како што реков со макотрпни издвојувања. Според тоа на ваков начин на некој начин ќе се обезбеди покрај како форма за побрза трансформација и еден поголем удел, поголема мотовираност на вработените за да го чуваат и понатаму уште повеќе и поодговорно да го развиваат, а не да сметаат дека со таа акција што ќе ја добие дека го решило прашањето за секогаш.

Што се однесува за пензионерите практично ова решение ќе биде применето и за оние пензионери од претпријатијата , впрочем тоа и во поранешниот закон а и овој кој ги прифаќа решенијата се однесува и за нив. Според тоа, не станува збор дека пензионерите ќе бидат исклучени со примената на ваквото решение што се предлага со амандманот.

Посебно за мене е неприфатливо ако се смета дека средствата треба да се влеат во агенцијата која што најдобро ќе ја реши трансформацијата. Реков дека тоа е инструмент кој треба да изврши само одредена задача.

Посебно ми паѓа в очи и тешко и навредливо кога се мисли дека со вакви решенија се можни злоупотреби, изигрување на закон- ските прописи, слободно сакам да кажам дека голем дел од граѓаните во своето работење и овие концепции што ги предлагаат не идат на линија ниту на злоупотреба, ниту мислат дека треба да се злоупотреби во

фазата на трансформацијата за некои лични потреби. Напротив мислам дека е тоа навредливо и не би требало ние секогаш да поаѓаме со претпоставката дали позади тоа не се крие некоја злоупотреба или некој личен интерес на Иванов. Тоа категорично го одбивам, иако мислам дека така не мислеше министерот. Од сето ова сакам дополнително да го извлечам следниот заклучок.

Јас го разбирам министерот дека тој ќе настојува за една побрза трансформација за што помалку промили, меѓутоа верувам дека и тој е убеден дека ова решение иде само на забрзување и на квалитетно подобрување на трансформацијата. Всушност ќе бидеме живи, се надевам тоа да го видиме во пракса што ќе значи прифаќањето на решението или одбивањето на решението.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

На прашањето во врска со заговарањето за бесплатно делење на акции сметам дека е најдобро секој од нас да се изјасни во принцип веднаш на почетокот и токму расправата во врска со овој амандман дава таква можност за да не би се повторувале подоцна на слични амандмани кои се очекуваат концентрирано во три члена на предложениот проект од господинот Миљовски.

Починувани пратеници, предлагачите на таканареченото бесплатно делење на екстерни акции или како што јас тоа го нарекувам раздавање на општествениот капитал поаѓаат од идејата за праведност односно за праведна приватизација. Тие предлагаат, особено пратениците од Либералната партија, делење бесплатни акции и тоа во висина од 30 до 10% од општествениот капитал на претпријатието. Но за каква праведност станува збор, што значи тоа?

Прво, во таа бесплатна поделба исклучени се скоро 80 илјади вработени во управата, полицијата, армијата, образованието, науката, здравството, културата и другите таканаречени нестопански дејности, вработените во банките, заедниците за осигурување, кои не е спорно дека придонеле за создавање на општествениот капитал. А некои од нив како оние во образованието, здравството и културата имале секогаш депласирани лични доходи, сега плати.

Второ, исклучени се од бесплатна поделба околу 30 илјади вработени кои работат во јавните претпријатија а тоа се Електростопанството, Водостопанството, комуналните дејности и сите оние други кои секако придонеле за создавање на општествениот капитал.

Трето, исклучени се невработените, преку 200 илјади, од кои околу 60 илјади учествувале во создавањето на општествениот капитал.

Четврто, исклучени се околу 200 илјади штедачи, од чии девизи е создаден значаен дел од општествениот капитал.

Петто, исклучена е младата генерација на која оваа држава и остава долг од преку 2 милијарди долари кои треба да ги враќа.

И да не набројувам понатаму. Значи, со овие предлози се фаворизираат дел од вработените и според тоа се врши сегрегација и се доведуваат во нееднаква положба стотици илјади вработени граѓани на Македонија.

Втората нелогичност, а истовремено и неправедност е, да потсетам предлогот наводно е мотивиран заради остварување на праведноста, е во самиот модел. Имено, се предлага 30.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Општиот претрес е заклучен. Вие само кажете што мислите за амандманот, ќе гласате за него, сакате да се измени, да се усвои, да не се усвои, што сакате.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Амандманот се однесува за бесплатно делење на акции и се изјаснувам за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е на дневен ред.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Тоа значи дека ако во член 1 принципиелно додадеме можност за бесплатно делење, повлекува импликации на се она што сега го наведувам господине претседателе на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие кажете си што мислите за амандманот.

**ВЛАДИНМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Тоа значи дека на пример ФЕНИ - Кавадарци ќе биде проценет на 200 милиони долари, во ФЕНИ се вработени 2000 лица, 30% од 200 милиони долари се 60 милиони долари што разделено на 2000 вработени изнесува по 30 илјади долари. Друга фирма на пример, во која има понизок орган- ски состав на капиталот, на пример Македонка, нека биде исто така проценета на 200 милиони долари што е апсурд и ако седат во случајот дна оваа фирма 30%, 60 илјади долари се поделат на околу 4000 вработени, секој вработен ќе добие по 15 илјади долари бесплатни акции. Го поставувам прашањето дали ова е принцип на праведност? Се разбира дека не е и дека со предложениот модел, во зависност од органскиот состав на капиталот, вредноста на претпријатието, гранката, бројот на вработените ќе се добие и износот на таканаречените бесплатни акции. Ова нема потпора ниту во Уставот ниту господа е праведно. Бесплатното делеше може само со ваучери, а за тоа треба нов закон со нов приод. Овој Парламент за тоа не се определи ниту по Предлогот за донесување на закон, ниту по Нацртот на закон,а и сите работни тела на Собранието го прифатија предложениот концепт. Во случајот во прашање е амандман со кој во основа се урива предложениот концепт и се нуди популизам, поточно раздавање на општествениот капитал, да се избегне ревизија и контрола и со тоа да не се откријат разни нелегалности во приватизацијата и особено затечените раководни структури да си создадат еден вид материјална основа,поточно со социјална демагогија да го задржат сегашниот управувачки статус. Со тоа практично се реставрира и рехабилитира општествената сопственост, но овој пат во облика на групна сопственост. Со овие предлози и со овој амандман конкретно граѓаните на Македонија се доведуваат во нееднаква положба односно се дискриминираат. На едни им се дава бесплатно општествен капитал а на други тоа право им

се одзема. Да потсетам уште еднаш на фактот дека новиот Устав на Република Македонија не го познава минатиот труд како уставна категорија за да може Собранието врз таа основа да го разделува општествениот капитал.

Господа пратеници, да потсетам дека Парламентот прифаќајќи демагошко изнаоѓање на решенија во економијата, донесувајќи го Законот за платите своевремено направи една од најсериозните грешки со негатив ни импликациии не само во економијата туку и пошироко. Тогаш како и сега од одделни пратеници беше укажано на негативните импликации. Јас бев меѓу оние кои аргументираа во таа расправа, но сепак беше донесена одлука која ги предизвика познатите последици. Интересно е и тоа дека тие кои тогаш беа најгласни за донесување на Законот за платите сега се поборници и за бесплатно раздавање на општествениот капитал. Надвор од секакво сомневање е дека прифаќањето на предложениот амандман и слични по содржина на него ќе значат дефинитивно напуштање на граѓанскиот концепт за приватизација кој овој Парламент го прифати и промовирање на нов необолшевички концепт со кој се прави обид да се задржат постојните општествено економски односи и да се реставрира таканаречениот колективистички дух.

Овој момент го оценувам како најкритичен во досегашниот развој на македонската држава. Ние господо на прашањето на прифаќање или не на 'бесплатно делење на општествениот капитал пресудуваме и ја одредуваме иднината на Република Македонија.

Затоа, предлагам амандманот да не се прифати како и сите оние амандмани во таа линија да не се прифатат во натамошниот текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Починуван претседателе, дами и господа, сметам дека амандманот не ја менува концепцијата на Законот за приватизација на општествениот капитал и дека ќе стои во член 1 дека може да се делат и бесплатни акции, затоа што во Законот веќе е внесена таква одредба во членот 19, бесплатни акции на пензионерот. Не можам да замислам дека може пензионерот да добие бесплатни акции, а работникот кој работи дека не може да добие. Ако сакаме да имаме брза, ефикасна и правична приватизација, мислам дека оваа одредба треба да стои во законот. Без разлика колку ќе можеме да ја примениме, затоа што не менува и би гласел за овој амандман.

Инаку, под работник ги разбирам сите работници кои имаат работничка книшка повеќе од две години работен стаж,а тоа се работниците во здравството, образованието, државната управа и да не ги набројувам, секој работник да има право.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Починуван претседателе, починувани колеги пратеници, оваа говорница често пати е место за ширење на разни демагошки настапи и создавање на одредени политички партии во името на поединци, кои на јавноста им се многу добро познати. Особено такви луѓе или такви наши колеги кои во своето работење по долг временски период поминале надвор од оваа држава и многу малку дале за создавањето на сето ова што е денес предмет на расправа. Ни најмалку не зачудува фактот што претходниот дискутант, кој што е општо познат дека секогаш кога треба да се донесат одредени пресудни одлуки, секогаш поаѓа од позициите на својата пратеничка група која што брои еден кандидат и сето тоа го елаборира давајќи му совети на народот и на нас како пратеници што

треба да чиниме за доброто на оваа Македонија. Впрочем, не треба големи образложенија по сето ова што беше кажано и која е намерата, само препорачувам да се видат досегашните дискусии од стенограмот на господинот Голубовски на каква партија и припаѓа, од каде потекнуваше па да се види и болшевизамот и да се видат сите оние работи за кој тој се обидува на многу нас тоа да го импутира, сакајќи преку тоа да оствари лични интереси по одредени чувствителни прашања

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Имам принцип се она што се однесува приватно во врска со мене да не реплицирам, меѓутоа ќе реплицирам на политичкиот дел, бидејќи тука беше спомнато некое вреднување во една логика дека една партија вреди толку колку што има пратеници. Само да потсетам дека партијата која што ја застапувам како пратеник не учествуваше во изборите и не може никој да тврди дека таа вреди толку колку што има пратеници во Парламентот. Тоа ќе го покажат наредните избори.

Што се однесува до втората работа, исто така јас не можам да му помогнам на господинот Иванов во тоа, во овој клучен момент за партијата на која припаѓа, која што се декларира како партија на крупниот капитал, ако на нивните членови не им успее оваа варијанта во Парламентот, станат партија на мал капитал или ја изгубат сила та на која се засноваа. Тоа е проблем на таа партија и пред се на граѓаните кои ќе пресудат на она што веќе е видентно можат и самите да го видат.

Сите други инсинуации во тоа за придонесите кои, од каде, колку придонесува, сметам дека би било губење на нивото и на тој што би пробал да се брани од нешто што не заслужува да се брани, а и така на друг начин губење на нивото на целиот Парламент.

IV/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас би кажал нешто.

(Претседателот излегува на говорница)

Овој амандман, сакале ние или не сакале, малку ја врати расправата на оној дел кој условно го апсолвиравме кога расправавме во општиот претрес. Затоа, да не се случи тоа ние му советувавме во пратеничката група на господинот Иванов да го повлече овој амандман. Тој не го повлече од обврските што си ги има веројатно пред вработените каде што работи, каде се неговите конкретни обврски. Тоа се таму работници, не се бизнисмени, не се богати луѓе, кон нив веројатно ги има обврските.

Инаку, кога веќе дојдов овде ќе кажам зошто сакавме да се повлече амандманот. Не заради причините за кои зборуваше господинот Миљовски и господинот Голубовски. Мислам дека тие не се во право и не изнесоа аргументи, само од една причина, да се донесе законот поскоро.

Господинот Миљовски вели: Што ќе му се безвредни се тие акции ако му се дадат бесплатно на работниците. Ако се тие акции безвредни, нема никој да ги купи. Нема ни на кого да се дадат ни за пари. Ако се дадат за пари уште помалку ќе бидат безвредни. Кој ќе ги земе, кој ќе даде пари за нив?

Според тоа, ако претпријатието не носи профит и акциите не му вредат. Тоа е пазарната логика. Според тоа, ништо не се оштетува пазарната логика, ако дел од акциите, никој не вели сите акции да се дадат, туку одредена количина мислам 15% толку е предлогот да се дадат неповратно. Се вели дека тоа ќе го задржи управувањето, старото како што било. Па токму тоа се предлага во амандманите, оној кој ќе има бесплатни акции да нема право да управува. Значи, обратно се

предлага, со помалку акции што треба да се продадат за пари ќе се стекне правото на управување, па според тоа и тој аргумент не држи.

Третиот аргумент беше изнесен овде дека нема пари за штедачите. Тоа е сега да ги покренеме штедачите против оние работници кои работеле во претпријатијата и бараат еден дел од тоа да го имаат бесплатно. Меѓутоа, никој никогаш во ова Собрание не предложил сите акции да се дадат бесплатно на работниците и да нема за штедачите. Тоа никој не го предложил. Билансно предлогот содржан во Законот се поддудира со она што се предлага со Предлогот за бесплатни акции, билансно е толку. Толку би биле попустите на работниците кога би ги искористиле, колку и овде што би се дале да нема попусти а да бидат бесплатни. Според тоа, остатокот од капиталот е ист, и од тој ќе се даде ако се добијат пари, кога ќе се добијат пари ќе се даде на штедачите. Според тоа тој аргумент исто така не држи.

Четвртиот аргумент што го изнесе господинот Голубовски дека органскиот состав не е ист во претпријатијата, па заради тоа е бесмислено да се даваат акции во ФЕНИ, Македонка итн. Точно е тоа, но тоа е исто така точно за Предлогот во законот. Попустот ќе се однесува на акциите кои ги имаат тие во тие претпријатија. Законот го содржи тоа што го вика господинот Голубовски, тоа што е тој против. Тоа е содржано во Законот во други одредби.

Исто така вели дека 80 илјади вработени во судот, здравството, администрацијата нема да добијат бесплатни акции. Но тие и нема да бидат утре отпуштени заради тоа што тоа не се распродава. Тука е разликата. Не го носат тој ризик да бидат евентуално отпуштени.

Затоа господо, јас мислев дека општиот претрес го завршивме Овде се рангираат пак партии, се зборува за тоа некоја партија каде и е местото, кој најмногу го сака македонскиот народ во историскиот момент

и други работи кои немаат врска со работата што треба денес да ја завршиме.

Предлагам денес Законот да го донесеме, да одиме од амандман до амандман. Никогаш тотална правда не е можно да се спроведе кога се прават вакви засврти големи во општеството. Многу земји или целиот капитал го поделија на вработените или голем дел поделија на вработените или воопшто не поделија на вработените и тие такви земји н еможеме да ги рангираме која поскоро оди кон приватизација итн. Искуствата се различни. Еве, со Словенците денес се сретнав. Тие 25% во сертификати ги поделија, но ќе го дополнуваат денес законот да одат на 50%, на сите граѓани. Не функционира, вели, ова сега што е. Да не правиме фетиш од нешто. Денес сме блиску овој закон што го брани господинот Миљовски без додатни аргументи,не се потребни, да го донесеме. Ние така нафрлувајќи кој закон, кој концепт итн., многу ќе изгубиме време. За тоа имаше смисла да зборуваме кога расправавме за Предлогот за донесување, по Нацртот на законот и ако воопшто имаше смисла сепак до општиот претрес. Натаму не треба да одиме во тие расправи. Да не ја враќаме расправата назад.

Затоа, предлагам господинот Иванов да го повлече амандманот, затоа што ни ја враќа целата работа назад. Неговото чувство за праведност итн. јас го почитувам. Секој има право на чувство, секој има право на расудување, за некого е едно чувство и едно расудување и еден вредносен суд праведен, за другиот е друг. Меѓутоа ние сега се наоѓаме во голема работа,во голема активност, треба да го донесеме законот. Затоа, предлагам да го повлече амандманот. Ние така и се договаравме на пратеничката група.

Господине Иванов, изјаснете се.

**ИВАН ИВАНОВ**: (Од место)

Останувам на амандманот.

V/1.- РД-ВБ

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас мислам дека овде сме сите сериозни луѓе, ако не сме, барем позицијата налага сериозно да се однесуваме, така да секој изречен збор треба да има тежина и да не се помислува дека од одредена позиција искажаното може да претставува вистина и тоа дефинитивна вистина. Што сакам да кажам? Овде беше искажано мислењето кое што се изедначува вредноста на акцијата онака како што амандманот предвидува да биде бесплатно разделена со она што треба да биде добиена со попуст, а во врска со органскиот состав. Ве молам интенција ч државен интерес е да се појават пари. Барем ако не во целина, затоа што таков компромис се направи заради објективните можности во македонското стопанство да биде таа платена барем со повисок степен да биде платена приватизацијата, заради изедначувањето на тоа дека исто ќе бидат оштетени оние што ќе добијат бесплатна акции во различни фирми, со разлачен органски состав и дека неправдата ќе биде чита и тогаш кога тие ќе бидат со попуст,барем е различна во тоа што државата во вториот случај ќе има поголем интерес. Што се однесува повторно на хартиите од вредност дека тие стануваат релативно прашање во контекст на тоа дека фирмите хипотетично се претпоставува,а што може ч објективно да се претпостави во Република Македонија дека нема да функционираат и дека тие акции подеднакво затоа што тие нема да функционираат ќе имамат своја практично празна вредност да речам ч тоа не може да држи од важност на последните коч што се предизвикуваат. Практично играта за добивање на капиталот со пониска вредност на одредени структури групни интереси или поединечни се состои токму во тоа.

Господинот Џаферовски на расправата многу убаво го објасни механизмот на обезвреднување кој е. Треба прво да се уште во старт добијат хартии за коч што бидејќи никој ништо не дал и не им ја знае

вредноста нема да ја респектира таа хартија тоа во втора фаза да биде апсолутно потенцирано со тоа што фирмите во кои што тие акции се поделени нема да функционираат за да добијат чувство дека тие хартии не вредат, за да се појави мајсторот, односно она вешто лице што ќе ги собере било од позиција научена, било од позиција заради искористуваше на егзистенционалните проблеми на тие вработени и на тој начин уште поевтино да го добие тоа што инаку би можело во други форми директно да се појави како купување на капиталот под реалната вредност на чинење на фирмите. Во тоа е играта. Јас останувам на тоа што го предложив ваквите амандмани да се отфрлат, бидејќи апсолутно се несериозни.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам потполно спротивно мислење од господинот Голубовски. Ако некој внимателно го итна текстот на членот 1 и како што предлага пратеникот Иван Иванов, во членот 1 став 2 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и со бесплатно издавање на акции, односно потврди за удели во претпријатието". Никаде не наведува, без разлика што ќе повторам во образложението дека се однесува само на работниците. Меѓутоа, ваква една формулација се однесува токму на она што го зборуваше господинот Голубовски каде се вработените во управата, во полицијата итн. Овде не стои никаде и нигде нема во овој член 1 дека само на работниците по овој основ им се доделат бесплатни акции. Меѓутоа ваква една формулација широка е оваа формулација коинцидира и со членот 19 од Законот каде што е предвидено на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да им се доделат 15% од акциите и со членот 2 6 каде што се предвидени попусти за купување акции во процентуален износ од 20%ч односно за секој  вработен итн., од 30% и за секој работен

стаж по 1%. Значи дека тој вработен може да стигне ако има 40 години работен стаж и до 70% попуст. Исто 70% попуст еден вид бенефиција, односно бесплатно доделување на дел од тие акции. Јас мислам дека така како што го предлага господинот Иван Иванов воопшто нема да се измени текстот на законот, затоа што една широка формулација, а не се однесува само на работниците. Господинот Голубовски го слушнав тука дека се залага за сите да добијат, односно овие категории што се, новинарите не ги спомна, сигурно и тие тука спаѓаат меѓутоа, јас никаде не го видов господинот Голубовски да поднесе таков амандман досега, односно издаде соопштение дека го прифаќа концептот на Законот како што е предложен од Владата, односно од господинот министер Јане Миљовски. Затоа овде да правиме такви работи, јас би ги нарекол демагоги, да се заложуваме за нешто, се заложуваме за нешто, а не поднесуваме амандмани, нема смисла. Ќе повторам, за мене потполно прифатлив амандманот затоа што е една широка формулација и децидно не објаснува дека се однесува само за работниците.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас лично не би сакал да победам во тој натпревар за демагогија, затоа што не би ми била чиста совеста. Мислам дека господинот Стоиле Стојков, апсолутно е подобар демагог од мене.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот само ќе спомнам дека ова е не небитна расправа ч не враќање на расправата назад, туку е ч те како значаен сегмент на расправата. За мене не е зависливо да еден вака значаен проект, кој што цела година седи во собраниските клупи, со амандман менува една цела концепција.

Јас реков и на комисија дека со амандман не може да се смени концепција. Концепција се менува по предлогот за донесување на закон. Поборник сум на теоријата секој еден граѓанин кога ќе отиде на пазар за да купи нешто, ако тоа нешто го купи од сопствените пари ќе го цени и ќе го пази, а веројатно и ќе стопанисува со него многу подобро, отколку ако вие не донесете нешто бесплатно дома. Правото на секој еден работник за остварениот и вложен труд во било која организација се остварува со правото на попуст, меѓу- тоа не и со бесплатно делење на акции, затоа што јас ќе го спомнам процесот на самоуправувањето во кои што фабриките беа на работниците а колку беа на работниците, се виде од досегашниот процес и како сите општествени претпријатија работеа до сега.

Она што овде беше речено како аргумент дека со правото на бесплатни акции голем дел од работниците ќе успеат практично да ги купат своите работни места, односно нема да бидат исфрлени од фирмите. Апсолутно не е никаков гарант. Некој ако купува купува само право на газдинство, не купува и право на опстојување во таа фирма, затоа што оној кој што ќе ја купи ќе може да види колку работници ќе останат и како понатаму ќе работат. Меѓутоа, она за што ова Собрание треба да се залага и јас се залагам е за таа социјална програма која оди паралелно со овој закон и никој да не се најде на улица без за тоа да биде обесштетен. Според тоа, мислам дека еден ваков концепт со ваква амандманска расправа и те како би се променил концептот, така да за мене во тој момент би бил не- прифатлив.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас излегов за да му дадам една мала реплика на господинот Голубовски кој кажа дека сум поголем демагог од него, мене ме радува тоа, го прифаќам, меѓутоа, политиката е политичко дејствување на сите

пратеници во овој парламент. Ако некој мисли за себе дека треба да продава демагогија а да не нуди конкретни решенија, како што тоа го направи господинот Голубовски, тоа е негово право. Инаку јас зборот демагог ако го преведам буквално од грчки, што значи народен водач, во фигуративна смисла како мисли господинот Голубовски не го прифаќам, го прифаќам во онаа првата смила.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

По некој пат добро решение е премолчување, или неправење нешто што очигледно може да наштети на она што се вреднува како добро. Јас сметав дека доколку во име на партијата на која што припаѓам предложив макар ч еден амандман, дека ќе придонесев кон рушење на концептот. Значи мојот придонес токму во апстенцијата од такви не многу јаки активности беше она што морално етички и политички одговорно ме обврза на одредено однесување, да го поддржам концептот на министерот кој што го предложи.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред се излегов затоа што имам потполно ист амандман на истиот член, само во ставот 2. Инаку не се разликува во ништо. Јас тргнувам ч мислам оправдано е барањето на повеќе пратеници, а пред се ч во разговорите со скоро сите граѓани, дали се тоа компетентни да разговараат за оваа проблематика или не, дека ова го оправдуваат сите. Факт е дека 50 години велевме дека капиталот се создава од трудот на работниците дека ништо друго, дека не е посреди и неправедност, да ставиме мрак на 50 години живот. Мислам дека ако се почитувавме така предлогот наш е само на дел од капиталот, без да се расипе моделот што го предлага

Владата да се даде наместо попуст бесплатни акции, затоа што навистина изгледа, да не речам демагошки, но попустот на работниците за три месеци не можат да го купат и тоа е џабе попуст кога не можат да го купат. Тие немаат средства за минимална егзистенција, а ќе купуваат акции со попуст. За мене е тоа така.

Друго, нема начини како да се брани ова,бидејќи со претходните закони со законот за општествен капитал и Законот за лични доходи организациите кои се добро материјално и финансиски, кои добро стојат и организациите каде е концентриран капиталот се веќе трансформирани. Ние сега зборуваме за поголем дел на организации кои имаат помалку капитал. Јас мислам според мене не е правилно, па и Фондот за развој што беше формиран нека ни кажат колку средства се собраа по овие закони, по таа трансформација, а веќе се трансформирани поедини организации по 80 и 90% и за мене и тоа не е факт да се брани дека мора да биде со попуст да се купуваат акции, а да не се дадат бесплатно 30%.

Понатаму мислам дека и во расправата рековме дека и од искуството на повеќе земји каде се спроведува трансформацијата на капиталот ако се наоѓале во слична положба како и ние дека веќе ги менуваат моделите. Тоа е еден комбиниран модел за да имаме и успешна трансформација на капиталот. Ако се убедиме во некои работи мислам дека не станува збор само да се води, да не испадне дека еве коалицијата нешто спротивно нуди, туку треба да има еластичност.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ:**

Поидувано претседателство, почитувани пратеници иако упорно барав збор, можеби и порано да се јавев ќе го изнесев ставот на Комисијата за стопанство, кој што на одреден начин пред вас има два

извештаја. Еден извештај доставен пред неколку дена каде што Комисијата за стопанство во основа ја поддржа оваа концепција за издавање на бесплатни акции за вработените и денешниот извештај во кој што Комисијата за стопанство од трите алтернативни решенија сепак има едно свое становиште кој што оди во прилог на тоа за концепцијата на бесплатно издавање на акции во основа да не се поддржува, а во основа се задржа на решенијата коч што одат и се во прилог на решенијата на Владата што ги нуди во делот за законот за издавање на акции со попуст. Ова што претходно беше изнесено сметам дека е во функција еден дел и на политичкиот маркетинг, но во основа треба да се навикнеме да имаме и различни ставови по вакви суштински прашања и сметам дека тоа не е спорно. Во основа овој модел кој што и сега се заговара и со интервенцијата на пратеникот Иван Иванов, сметам дека функционира како модел ч доколку прифатеше Владата да го вгради и понатаму да го следи низ останатите решенија, ќе беше сигурно и остварливо. Но бидејќи Владата и понатаму останува упорна на своето становчште, да испроба еден модел што не е испробан и во другите држави, сметам дека во овој момент не треба да го кочиме процесот на донесувањето на Законот, а во прилог на тоа да го прифатиме решението кое што го нуди Владата, со самото тоа што навистина нашиот модел се разликува од другите модели а во основа имаме и голем дел на претпријатија во член 3 кој што не се опфатени во делот на трансформација и оној дел на претпријатија што се опфатени пак се во еден процес на одлука во самите претпријатија, малите, средните и големите. Што значи дека еден процес кој што ќе се следи и во секој случај да не се создаде на еден мал простор со одредени решенија и одредени панични однесувања. Оттука сметам дека во оваа фаза, неприфатливо е сигурно во член 1 да се вгради како и бесплатно издавање на акции, оној цел амандман што го има поднесено пратеникот

Иван Иванов, а во основа би сакал на одреден начин да се произнесам што ова се врзува и со издавањето на бесплатни акции на пензиониот фонд. Мислам дека не треба да се поистоветува пензиониот фонд со пензионерите. Доколку се делат акциите на пензионерите лично, тогаш се смета дека тие се акции на пензионерите. Инаку штом е поделбата на Фондот, сметам дека тие акции се прво безправо на управување, а во секој случај носат само со себе дивиденда, а во основа ја јачат состојбата на фондот, или материјалната состојба што сега ја има самиот фонд. Оттука сметам дека би требало амандманот да не се прифати, а во секој случај ние понатаму да продолжиме со другите решенија кои што одат во прилог на решенијата што се во функција на задоволување, односно прифаќање на амандманите што се за давање на акции со попуст, со тоа ова како опција во овој момент ја исклучиме, а сум убеден во тоа дека наскоро ќе бидеме сигурно во функција на измени и дополнувања на овој закон, бидејќи првите резултати на тоа ќе укажат и во кој правец ќе се движат тие измени и дополнувања ќе зависи и од спроведувањето на самиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

V/9.-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Јас се сомневам во податоците на гласањето и барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има ли 10 пратеници кои го поддржуваат? (7)

Значи не можеме да минеме на поединечно гласање.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам 'претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за , молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.(го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање на нов став по ставот 2 поднесен до пратеникот Ѓорги Котевски.

V/10.-

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 2 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Овој амандман коинцидира со членот 3 од Предлогот на законот поднесен од страна на Владата, меѓутоа со една разлика што овде овие претпријатија што вршат јавни работи, во мојот предлог се третират како државни претпријатија, додека во членот 3 од Предлогот на законот и понатаму остануваат, јас така сфаќам, остануваат фирми во општествена сопственост што вршат јавна служба или имаат статус на јавно претпријатие. Само во тоа е разликата. Инаку, истите претпријатија се наоѓаат, како што е во членот 3 од Предлогот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?16 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 2 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став. 1 поднесен од Комисијата на економска политика и развој.

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. т '

Молам, кој е за, нека крене рака?(12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

VI/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Починуван претседателе, почитувани дами и господа. Целта на овој амандман на предлогот на законот за трансформација на општествениот капитал се состои во следното да и здравството во оваа фаза од трансформацијата биде вклучено. Како што ви е познато, и во расправата од минатиот пат, здравството во овој закон воопшто никаде не е спомнато. На некој индиректен начин се спомнува. Па и со овој амандман на членот 2 став 2, би сакал здравството да влезе на тој начин уште во оваа фаза и да биде трансформирана.

Целта на трансформацијата е заради следниве причини: Здравството, од година во година бележи негативни резултати во своето работење. Како резултат на тоа се од една страна материјалните трошоци кои се доближуваат до трошоците за исплата на лични доходи. Понатаму, неискористените капацитети како амбулантно поликлиниките, така и во стационарните установи се втора причина што во ова пазарно работење Фондот не е во состојба да ги поднесе и тие трошоци. Поради немање средства за работа на Фондот, во последниве неколку месеци па и година дена осигурениците на здравството беа оштетени со тоа што мораа лекарствата да ги плаќаат од својот џеб за амбулантно лекување. Понатаму, неискористеноста на високостручниот кадар, мислам дека е еден од посебните резултати со кое што би требало оваа дејност од претпријатијата да се трансформира.

За да биде појасен амандманот, а вториот став од членот 2 вели дека претпријатијата со општествен капитал според овој закон се ОЗТ и деловни заедници што вршат стопанска, а амандманот се состои со додавката и на услужни дејности кои сеуште не се организирани како претпријатија.

Според тоа, мислам дека здравството треба уште сега да се трансформира со овој закон.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Бидејќи оваа расправа неколку пати ја повторуваме, јас би сакал да кажам неколку работи за да избегнеме после дискусија околу овие проблеми.

Апсолутно го делам мислењето и загриженоста на пратеникот околу приватизацијата на здравствениот сектор и сметам дека тоа треба час поскоро да се направи. Меѓутоа, реков дека со овој закон фактички приватизираме претпријатија. Би направиле многу голема грешка кога здравството, како една од виталните функции на ова општество и каде што државата има посебни ингеренции и одговорности спрема граѓаните, би го трансформирале на ист начин како и претпријатијата што создаваат профит.

Оттука, сосема ја поддржувам иницијативата на пратеникот и на други пратеници од здравствената струка дека треба час поскоро да се пријде кон приватизација на здравствената дејност. Меѓутоа, тоа треба да го направиме со согледување на сите проблеми што ја мачат оваа дејност и во рамките на еден интегрален план да предвидиме и начин на приватизација. Ние мора да предвидиме што ќе остане под ингеренција на државата, мораме да направиме план што ќе биде она како минимална здравствена заштита што државата ќе ја даде на секој граѓанин а што ќе оди во приватизација. Како да се најдат критериумите што може да се приватизира, а што не.

Според тоа, правата адреса за да се притисне кон приватизација на здравствената дејност е законот за јавни служби. Тој е во подготовка и многу брзо ќе се најде пред вас.

Уште нешто, кога тука би предложил приватизација на здравствената дејност би се мешал во ресорот на едно друго министерство. Мислам дека можеме да направиме приватизација само во соработка со Министерството за здравство, заради тоа што здравството има цела низа специфични проблеми.

Од своја страна можам само да изразам подготвеност штом ја завршиме работата на овој закон, најактивно да се вклучам и помогнам на колегите од тоа министерство да направиме некаков прв проект околу тоа како треба да изгледа здравствената служба и како да се приватизира. Меѓутоа, како што реков, тоа би бил еден друг предлог кој што се надевам можеме многу брзо да го направиме.

Јас ве молам, да ги уважите овие аргументи и да сфатите дека всушност сме на иста линија, меѓутоа предвидуваме практично различни решенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Збор има господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Поднесениот амандман во основа е идентичен со амандманот поднесен од господинот Душан Трпчевски. Се работи за менување на ставот 2 со однесување и на други правни лица од нестопанството.

VI/5.-

Суштината на атманот е да се отстрани дискриминацијата на вработените во овие дејности и законот треба да ја даде таа можност транформацијата да се изврши и во нестопанството. Оттука, логично е дека ако се врши во нестопанството ќе имаме можност да се изврши трансформација и во некои здравствени установи, во училишта и сл..

Ова што го даде претставникот на Владата во однос на образложението, мислам дека е на линија на концептот на неговиот закон. Инаку, во спротивно, јасно е дека со овој амандман имаме една несогласност со таквиот пристап од проста причина бидејќи законот треба да го уреди начинот на трансформацијата и ќе бидеме доведени во ситуација со повеќе закони од повеќе области да го уредуваме начинот на трансформацијата во општествена сопственост.

Со други зборови, сакам да кажам, а тоа го потврди и министерот Јане Миљоски, дека со законот за јавните установи и слично ќе се уредуваат прашањата за трансформацијата во тие области. Бидејќи не е понуден ниту еден текст на таков закон што јасно говори дека оваа наша постојна влада немала одреден концепт како ќе се врши приватизација и во нестопанството, оттука сметам дека треба со усвојување на еден ваков амандман на единствен начин да се уреди прашањето на трансформацијата, а не после година ипол од оваа говорница се каже дека немаме концепт како ќе извршиме трансформаицја во нестопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?(18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 3 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Амандманот 4 се однесува на начинот на трансформацијата на организациите за осигурување и банките и претпријатијата што стопанисуваат со деловен простор. Се вели дека ќе се уредат со посебен закон. Тоа е нешто што го има во членот 3, во ставот 2 од Предлогот на законот од страна на Владата. Меѓутоа, мислам, дека, тоа е моето мислење дека оваа материја треба да се уреди со посебен член од проста причина што сега, ќе зборувам за банките, повеќето се акционерски друштва, ако не сите. Издаваат екстерни акции итн. Но, знаеме дека тие исти банки, без разлика што државата е гарант, на некој начин на еден голем број граѓани од Република Македонија им должат девизи. Тие исти девизни штедачи не се акционери.

Затоа мислам дека за оваа проблематика мора а се донесе посебен закон каде што ќе се уредат и правата на девизните штедачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 3 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

VI/7.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (17 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 3 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, точка а) за додавање нови точки 6-1, г-1, и г-2 за менување на текстот на точката д) и за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Овој амандман не беше пристигнат навреме во кое што Владата ги разгледуваш амандманите. Владата заклучи принципиелно, за да не ја запира работата, оваков тип на амандмани што ќе дојдат после завршувањето на нашата расправа да не ги прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека министерот ништо не одговори зошто не ги прифаќа предложените амандмани. Само се задржа на принципот дека воопшто не биле разгледани бидејќи се поднесени после завршувањето на претресот во Комисијата, иако според деловникот Комисијата има право и обврска да ги гледа сите поднесени амандмани додека трае претресот по Предлогот на законот.

Предложените измени односно дополнувања во членот 3 се однесуваат на следново:

VI/8.-

Точката а) се предлага да се надополни со општествените дејности и установи. Еве зошто: може би категоријата "установи" не е утврдена со Уставот или не е донесен закон за јавните установи односно за установите, па може би и тоа би можело и да отпадне. Меѓутоа, министерот треба да размисли дека ниту категоријата"посебен општествен интерес" не е дефинирана и утврдена со Уставот. Во примената на законот може да дојде само трансформацијата да не се донесува на јавните служби што имаат статус на јавно претпријатие, а не и за општествените дејност како категорија која што би требало, постои, а би требало да се утврди со овој текст на законот.

Затоа, предложената измена на точката а) од ставот 1 на член 3, е прифатлива затоа што трансформацијата според овој закон не треба да се врши генерално за сите општествени дејности, а не само на оние што имаат карактер на јавна служба или статус на јавно претпријатие.

Понатаму, сметам дека во практиката има едно изигрување на Законот за општествениот капитал во поглед на функционирањето на претпријатијата од комуналните и други дејности што се незамислив услов за живот и работа на граѓаните и за работа на претпријатијата на одредени подрачја. Доколку за нив во овој предложен закон не се утврди со конкретна точка во членот 3 дека трансформацијата не се однесува за, како што предлагам, претпријатијата од комуналните и други дејности што се незамислив услов за живот и работа на граѓаните и за работата на претпријатијата на одредени подрачја, може да дојдеме во еден законски вакум оние претпријатија што вршат комунални дејности, такви има, а се регистрирани во овој меѓупериод во Друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва да не може да се најде одредба во законот од која што ќе можат да бидат подведени на ревизија за да бидат повторно пререгистрирани во онаа положба во која што биле пред да ја извршат таа реорганизација или трансформација според постојниот закон за општествениот капитал.

VI/9.-

Ние имавме и топлификација и комунални претпријатија што досега се регистрираа во "АД" и"ДОО" и затоа сметам дека во овој член 3 треба да стои одредбата дека трансформацијата според овој закон не се врши за претпријатијата од комуналните и други дејности што се незамислив услов за живот и работа на граѓаните и за работа на претпријатијата на одредени подрачја.

Понатаму, после точката 4 предлагам трансформацијата според овој закон да не се врши на претпријатијата што вршат дејност во областа на истражувачката, преработката, транспортот и прометот со нафта и природен гас.

После оваа точка да се додаде и нова дека трансформацијата не се однесува на НИП "Нова Македонија". Сметам дека, барем за мене, не постои одлука или закон со кој што, кој е важечки, а овозможува да се дефинира во примената на овој закон дека ова општествено сега претпријатие е од посебен општествен интерес. Затоа сметам, бидејќи основач на"Нова Македонија" е државата, а основачките права после Социјалистички не ги преземе државата туку се овозможи да биде извршена пререгистраицја во општествено претпријатие и да се овозможи евентуално пререгистрирање на ова општествено претпријатие во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во приватна сопственост што е огромен капитал создаден од државата, сметам дека ако за Македон- ската телевизија се подразбира категоријата јавно претпријатие од точката а), за НИП "Нова Македонија" треба да биде утврдена посебна точка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

За да се оневозможи евентуално пререгистрирање на ова општествено претпријатие во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во приватна сопственост што е огромен капитал создаден од државата, сметам дека ако за Македонската телевизија се подразбира категоријата јавно претпријатие од точката а, за НИП Нова Македонија треба да биде утврдена посебна точка.

Точката д да се преформулира и да гласи: "претпријатија кој согласно закон имаат монополска положба". Зошто предлагам освен деловите односно друштвата кој тие ги основаа , а за кој ќе се утврди дека немаат монополска положба да се избрише од текстот на Предлог законот. Тоа го предлагам затоа што се врши прелевање на капитал од овие монополски претпријатија во делови односно друштва што се основани, а кој немаат монополска положба на пазарот и само да се избегне можноста при проценката на капиталот за продажба на овие монополски претпријатија. Прелеаниот капитал да може да се трансформира односно приватизира преку овие делови друштва што тие ги основале, а на сите треба да ни биде јасно дека монополските претпријатија или претпријатијата кои имале монополска положба на пазарот имале можност да создадат нови друштва со ограничена одговорност токму врз основа на монополскиот профит кој го создавале врз монополска основа на пазарот на територијата на Републиката. И после ставот 1 да се додаде нов став кој ќе гласи претпријатијата и другите правни лица од ставот 1 од овој член должни се во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да извршат пререгистрација во согласност со одредбите на законот за претпријатијата".

Сметам дека таквата формулација е потребна заради тоа што имаме и денес во практиката претпријатија кои можеби и ќе докажат дека правилно се трансформирале по постоечките одредби макар и со плаќање , целосно отплаќање на интерните акции кој ќе добијат статус на обични акции, меѓутоа претставува незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и за работа на претпријатијата на одредени подрачја и претпоставуваат општествена дејност. Државата не се може да си го поради капиталот во овие претпријатија кој вршат услуга за граѓаните и за претпријатијата на територијата на Републиката, меѓутоа ќе си го приватизираат тоа претпријатие.

Затоа сметам дека предложените дополнувања на членот 3 би требало да се прифати.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас мислам дека господинот Петров даде доста детално објаснува) а јас би сакал исто така да објаснам дека неприфаќањето иако постои еден договор амандмани кој што многу доцно доаѓаат и не можат да ја поминат целата процедура негативно да ги оценуваме, дека ние не го занемаривме неговиот амандман туку напротив го разгледавме доста детално. Причината заради која што не го прифаќаме е фактички заради тоа што сите прашања кој што тој ги наведува со својата формулација сметаме дека во потполност се решени во онаа формулација што ја даваме во членот 3. Ние тоа го решаваме на еден начин без конкретно да ги спомнуваме поедините субјекти и се она што е овде речено фактички постои решение за тоа од членот 3. На пример сите дејности, и комунални дејности во законите се означени како дејности од посебен општествен интерес. Сите општествени дејности се наведени како дејности од општествен интерес. Вие ја спомнавте Нова Македонија ,

Нова Македонија е од посебен општествен интерес. Вие спомнавте нафта и нафтени деривати, во тој случај може да дојде под удар на точката за монополите, меѓутоа сето тоа зависи од предложениот модел на приватизацијата.

Вие изразивте страв дека монополските претпријатија ќе пренесат дел од својот капитал на делот од претпријатието кој е што не е во монополска позиција и на тој начин ќе може да се приватизира. Стравот ви е неоправдан. Тој би бил оправдан доколку постоеше бесплатно делење на акции, тогаш навистина од монополското претпријатие ќе се прелее капиталот во немонополскиот капитал и преку бесплатно делење на акции ќе можеше да се добие. Бидејќи се договоривме дека тоа нема да оди значи ако се изврши прелевање на капитал по овој дел тој ќе мора да се плати. Дури јас би рекол и обратно од вас ќе избегаваат да го прелеат капиталот во немонополскиот дел заради тоа што тогаш претпријатието ќе стане многу скапо за да се купи како што предвидуваме со законот.

Понатаму, постои уште една работа. Ако се прелее дел од монополскиот капитал во дел на претпријатие кое што не е во монополска положба па ние доаѓаме во состојба каква што сакаме. Не е проблем да иземеме капитал од приватизација, проблем е да тој капитал кој што оди во приватизација да работи во конкурентни услови, да нема можност сам да ја одредува цената заради тоа што стоката која што се произлегува во тоа претпријатие е од витално значење за населението и битно ги одредува условите под кое ќе живее населението. Тоа значи во никој случај не може да се работи за монопол. Ако се прелеат средствата во немонополска дејност тогаш потполно самостојно определување на цената не ќе може. Ќе има конкуренција и конкуренцијата ќе врши нивелирање на цените. Единствено што е опасно кај монополите е само формирањето на монополски цени, бидејќи таа

опасност е избегната. Ми се чини дека вашата интенција која што ја давате со овие амандмани е решена. Јас разбирам дека вие можеби имате чувство дека ние недоволно сме погледале, јас ќе ве уверам господине Петров дека ние многу детално го гледавме и сето ова што вие го предлагате е веќе решено во членот 3. Нема потреба на овој начин да го комплицираме. Решеное.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас повторно сакам да укажам дека категоријата посебен општествен интерес не е уставна категорија и можеби преформулацаајта на точката а треба да биде "претпријатие и организации од општествените дејности односно оние кој имаат статус на јавна служба или јавно претпријатие".

Исто така сметав дека во членот 3 треба строго да се дефинираат со закон дејностите кој не можат да се приватизираат според одредбите на овој закон, затоа што кога ќе дојде примената на законот толкувањето на одредбите ќе биде во чии рамки, во чии надлежности, тогаш ќе испадне судирот на интересите на оној што ќе го толкува Владата и на она претпријатие кое што ќе треба да се трансформираат кое ќе оценува и ќе поведува постапка и пред надлежните судови и пред Уставниот суд дека него не го опфаќаат одредбите што овде генерално се дадени. Претпријатија кој согласно закон имаат монополска положба, кој ќе толкува оваа одредба за кој претпријатија и дејности се однесува. Пак ќе испадне дека ова ќе го прави Владата самостојно. И, ќе одлучи спрегата на интересите.

Претпријатие од посебен општествен интерес, исто така држава- та односно Владата ќе треба да даваат толкување кој претпријатија, од кој области и дејности се подразбирало кога се носел овој закон.

Затоа сметам дека формулацијата на членот 3 треба децидно да биде регулирана со закон за да уште со денот на отапувањето во сила на законот секое претпријатие од дејноста која ќе биде наведена се препознае дека трансформацијата од одредбите на овој закон не се однесува за него. Вака секој ќе толкува како што самиот мисли и знае. Затоа мене ми се чини и елегантно е одбегнато набројувањето ан дејностите и претпријатието односно организациите строго да бидат дефинирани, за да може после во примената да се прават манипулации.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Видите, зашто се јавувам пак, проблемот на посебен општествен интерес изгледа создава недоразбирања и би сакал да дадам едно толкување, а тоа ќе се повтори и кај други членови. Видете, ние вршиме трансформација врз база на псотојните закони. Во постојните закони постои терминот посебен општествен интерес и се применува во правниот промет независно што е тоа остаток од поранешното време, меѓутоа сето тоа се важечки закони на Републиката. Е, сега , доколку ова би бил закон кој што се донесува наново веројатно не би употребил ни еден термин од старите. Меѓутоа, ние сега имаме претпријатија во законска положба врз база на старите закони и ние мораме да ги користиме термините кои што постојат во тие стари закони и од таа правна положба врз база на тие стари закони преку овој закон да ги донесеме претпријатијата во нова правна положба. Оттука терминот посебен општествен интерес е сосема на место и многу е точен.

Што се однесува до нестопанството, незнам колку луѓе во ова Собрание се свесни, меѓутоа се уште за нивважи Законот за здружен труд, практично не престанал да важи, не е донесена нова регулатива. За жал важи тој. Ние кога ќе го донесеме законот за јавни служби дури

тогаш ќе ги решиме сите овие проблеми до крај.

Што се однесува до монополите, кој го одредува, видете, постои Закон за трговија, во Законот аз трговија има доста членови, цела една глава која што се однесува на монополистичката положба на претпријатијата и таму е детално определена методологијата по која се определува кој е монополист, зашто е монополист и т.н. И, нема потреба ако веќе постои во постоечки закон овде наново да се дефинира. Вие имате потполно право во едно Македонија како современа и цивилизирана земја би требала да направи свое антимополско законодавство и тоа е наша определба и задача, меѓутоа сметавме дека нешто што многу повеќе не притиска Законот аз трансформација, а секако антимон- полскиот закон веројатно нема да остане во тој облик да биде пласиран во законот за трговија, еден ден ќе доживее да биде како потполно само- стоен закон што го имаат сите земји на запад. Меѓутоа, ве уверувам и ги гледавме членовите решение за монополската положба постојат така што тука нема никакво недоразбирање.

Што се однесува до комуналните дејности јас можам само да Ве потсетам дека со Одлука на ова Собрание комуналните дејности дека се преведени во статус на јавни претпријатија. Според тоа , решен е проблемот. Се согласуваме во тенденциите. Проблем е што Вие сметате дека она што сме го пружиле како решение не е доволно добро. Ми се чини дека не го решава проблемот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да го поддржам господин Петров од проста причина што има разлика помеѓу неговото стојалиште и стојалиштето на министерот. Господин Петров го почитува правилото и начелата на Уставот.

Ние донесовме Устав и со него устроивме држава. По тој устав треба со уставниот закон за спроведување на Уставот се говори аз обврска за усогласување . Поради неусогласенсот ние не можеме да носиме други закони освен она што е зацртано во Уставот. Ова го говорам од следните причини:

Во Предлогот на законот се говори за општествен интерес, меѓутоа во член 5 6 од Уставот тој го задолжува законот да употреби термин добро од општ интерес, што значи не општествен интерес. Кога се говореше во тие закони од општествен интерес, општествениот интерес беше подведен, имаш исто значење што и државен и уставен интерес и уставно значење. Овде сега уставното значење е општ интерес од интерес на граѓанинот а не од интерес на државата. Затоа сметам дека ставот на господин Петров е во согласност со Уставот и ние ќе направиме добро само ако го прифатиме како уставна одредба, а законот што важи не е ускладен со Уставот. Во тој случај треба да важи Уставот. И, интервенцијат ана Петров место општествен интерес да стои општ интерес е на место.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас исто ќе го поддржам амандманот на господинот Петров од проста причина со членот 3 всушност е против приватизацијата воопшто. Ако се земе дека не може да се приватизира она што овде е наведено, не можат банки, осигурителни друштва, Лотарија, монополските организации, тоа е по некоја проценка повеќе од 50% од општествениот капитал. Што приватизираме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара ЗБОР? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

За гласаа 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка а за додавање нови точки б-1, г-1, г-2 , за менување на текстот на точката д и за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 од пратеникот Благој Тошев.

Тој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. За разлика од мојот починуван колега Тодор Петров кој што на овој член 3 поднесува повеќе амандмани, јас се осврнувам само на амандманот што се однесува на член 3 став 1 по точката а. Нешто сличност постои и со мојот претходен амандман со цел да и здравството биде внесено во овој закон на овој Предлог закон на трансформација на општествениот капитал уште од овој момент, а не како што беше изнесено во претходната расправа тоа да се направи во една блиска иднина со Законот за јавните претпријатија односно јавните служби.

И господинот Тодор Петров и министерот Јане Миљовски и претходните дискутанти Стојановски и Стефковски изнесоа дека има потреба овде дека деловите од речениците на точката а што се однесуваат на дејности од посебен општествен интерес односно да се бришат.

VIII/2.-ПЈ/ЉР

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:(**продолжение)

Така стои во мојот амандман, а се работи имено за следново Вистина, во Законот за здравствена заштита во член 9 стои дека здравството е од посебен општествен интерес. Меѓутоа, овој закон е донесен пред Уставот. Така оваа точка од овој закон на здравствена заштита е во спротивност со Уставот кој што е донесен есента на 17 септември 1991 година. Според тоа, законите треба да бидат во склад со Уставот, а не Уставот да биде во склад со законите. Ние се наоѓаме во една колизија. Затоа, амандманот мој би бил во следното: Претпријатија кои со одлука заснована врз закон е утврдено дека вршат јавна служба или имаат статус на јавно претпријатие без работи и дејности од посебен општествен интерес. Според тоа, мислам дека сум јасен во однос во овој став дека и здравството треба да влезе во овој закон на трансформација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, мола,, да крене рака? (пратениците креваат рака)

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Пратеникот Благој Тошев има амандман на член 3, став 1 но го повлекол.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, целта на трансформацијата и приватизацијата е токму унапредувањето и работењето и подобро стопанисување. Исклучувањето на претпријатијата кои што работат со загуба значи дека директна една негација на самиот закон и фактички е против приватизацијата. Ако се земе предвид дека над 10% од вкупниот општествен капитал е лоциран во таквите претпријатија, тоа значи дека тој капитал и понатаму ќе остане во општествена сопственост. Спротивно на целта на законот. Оттука, претпријатијата што работат со загуба ако се одбие загубата се коригира и останува општествениот капитал, па тој е тој дел што треба да се приватизира а не амблок да се одбие приватизацијата.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ми се чини дека на неколку пати спомнавме во приватизација може да оди само нешто што создава против. Оттука, сосема е нелогично да бараме организации кои што создаваат загуби да одат во приватизација. Ако се пристапи кон приватизација на претпријатија со загуби грубо и многу еднострано ќе се повредат интересите на доверителите. Овој начин на приватизација на претпријатија со загуби практички би ги елиминирал обврските на должникот, наспроти доверителот и практички би извршил едно насилие врз законот за присилно порамнување на Законот за стечај и ликвидација, Законот за сметководство итн. Ова Собрание многу еднодушно се залага против грабеж. Мислам дека тука нема разлика меѓу пратениците. Сите се на иста линија. Веројатно, со едно ваков предлог во кое што претпријатието во загуба може да се приватизира, ние не сакајќи практички би дозволиле да се овозможи

грабеж. Зашто во загуба се оди кога некому се должи. Тоа значи дека претпријатијата се приватизираат, иако должи повеќе отколку што се неговите средства или од колку што се неговите можности за исплата на тековните расходи. Тука ми се чини дека е сосема во ред ова решение што го имаме во Законот дека тој тип на претпријатија не треба да одат во приватизација. Тие не создаваат профит. Тие ќе одат во стечај а за стечајот постојат посебни прописи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став по став 2 поднесен од пратеникот Благој Тошев, г-дин Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас го повлеков едниот амандман кој што беше постар, а се работеше за заштитните организации кои што пред некоја година се произнесовме за заштитните организации. Според тоа, сега е во прашање амандман во член 5, после став 2 да се додаде нов став 3 кој гласи: Претпријатијата кои вршат стопанска дејност заради професионално оспособување и вработување на инвалидизирани лица, претпријатија за вработување на инвалиди, како и деловите на

претпријатија организирани како заштитни работилници можат да пристапат во трансформација и на н чинот и под условите пропишани со овој закон само доколку со договор склучен со агенцијата се обврзат дека ќе обезбедат остварување на правата на вработување и по основ на работата на лица вработени во нив пред влегување во сила на овој закон. Овој амандман комисијата за стопанство го разгледа денес и во целост беше прифатен. Истовремено, сметам дека ќе најде разбирање и во Министерството односно кај г-динот Миљовски, па според тоа и се обраќам до пратениците и сметам дека овој амандман треба да се прифати во целост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? г-дин Котевски

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено, почитуван претседателе, почитувани дами и господа Овој амандман без друго да го прифатиме. Не заради тоа што даден од пратеникот Благој Тошев и не заради тоа што е од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и што припаѓа во таа пратеничка група, туку од основна причина што ние во РМ имаме една голема категорија ма инвалидизирани лица и лица што не можат во нормални услови во одредени фабрики, во одредени претпријатија да работат нормално како здавите луѓе.

Јас исто така, потекнувам од една таква организација од Битола, која во последните години се трансформира како заштита на организација и врз база на тие законски прописи, кои важеа во РМ и кои важат и денес , се додека не се донесат нови прописи тие добиваат такви бенефиции со кои им беше овозможено на таа категорија на лица поуспешно да стопанисуваат и да работат, т.е. со оној дел што го

вложуваат како труд во овие работни организации, всушност, не можеа до крај да ги остварат оние ефекти кои нормално ги остваруваат здравите и не хендикепирани лица во други работни организации Токму затоа го поддржувам овој амандман заради тоа што општеството долгорочно многу години инвестирало, давало одредени бенефиции за оваа категорија на лица и за нивно успешно вработување и сега да не дојдеме во една состојба да вршиме реприватизација или трансформација на овие претпријатија, се со цел само оној што ќе биде сопственикот на таквата организација да може поуспешно да ги отстрани од редовите на работната организација. затоа што тие во пазарното стопанисување , во пазарната економија која нема сентименталности и признава само интерес заради интерес, никој не ќе може со такви законски прописи да ги заштити овие луѓе и тие веднаш ќе се најдат на улица, затоа што не можат до крај да ги даваат оние ефекти што ги даваат здравите луѓе.

Уште еднаш, ве замолувам почитувани пратеници најтрезвено да го разгледаме оној амандман бидејќи Комисијата го прифати. Јас на два пати присуствував на оваа комисија, меѓутоа, долго време повеќе време беа амандмани разгледувани, се оддолжи тој процес на разгледување на амандманите, немав можност да земам збор за дискусија и затоа излегов на оваа говорница да го поддржам амандманот на Благој Тошев и воедно апелирам до Министерот Миљовски, до ресорното министерство да најдат начин и можност не само декларативно, туку суштински, законски и содржински овие претпријатија да се најде начин да не се трансформираат како што е сега за сега во Законот за трансформација веќе кажано.

VIII/6.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Починувано претседателство, дами и господа пратеници, Исто така, јас имав поднесено амандман на овој член, на овој став но со образложение што Комисијата за стопанство се согласи да се изврши една трансформација во членот 5 и затоа ние останавме на тоа. Инаку, ќе баравме да останеме. Не сакам, многу да образложувам за ова, затоа што ова е согласно членот 35 , став 3 од Уставот на РМ имајќи предвид заштитниот карактер на овие социјални институции кои вработуваат, а колегата го образложи тоа, затоа што не сакам јас да говорам, ние мораме на некој начин повторно да ги стимулираме, затоа што утре пазарната економисија ќе ги истисне таквите работници. Или пак, во овој закон да им се обезбеди сигурност повторно понатаму ако се трансформираат агенцијата или со некаков друг закон со закон да бидат пак обезбедени овие работници во тие стопански организации кои ќе бидат приватизирани да бидат донакнадивани разликите на таквите квалитети и кванititeти во текот на процесот за да можат да се носат со пазарната економија. Затоа, барам да биде поддржан овој амандман и усвоен.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, ние уште пред да дојдеме до седница на Собрание, уште додека беше во комисиска расправа идејата ја оценивме како вредна за разгледување и предложивме едно решение во член 115. Она што ние сакавме да постигнеме беа две работи. Од една страна да не направиме некое зло, па овие хендикепирани лица да останат незаштитени во процесот на трансформацијата, меѓутоа да не ја направиме ни образанта работа процесот на трансформацијата да биде запрен за овие претпријатија, па тие да изгубат работа и по еден друг

основ заради тоа што не се доволно профитабилни. Горе-долу решението е слично, она што ние го понудивме во 105 и ова во член 5. Оттука, нема никаков проблем Владата да го а да го прифати ова решение во член 5, а да го бришеме она од член 115.

**САНДЕ ДАВКОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека ова решение што е во член 5 треба да се прифати, иако решението што е во член 5 комплетно се содржи во законот за работни односи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Владата ова го прифаќаа и немаме натаму што да расправаме. Тоа е составен дел, а ќе одиме и ќе видиме на крајот
ако мислите нешто да додадете.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Дали некој бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Амандманот не е прифатен, бидејќи не гласа никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7, став 1 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

г-дин Стефковски.

VIII/8.-

**ТОМСИАЛВ СТАЕФКОВСКИ:**

Целта на амандманот на член 7,'став 1 од Законот е во замена на зборовните. наместо "вредноста на претпријатието", треба да стои "вредноста на општествениот капитал". Вредноста на претпријатието се мери преку имотот односно активата на претпријатието. додека вредноста на општествениот капитал се утврдува по пасивата на билансот, односно разликата помеѓу активата и пасивата на билансот претставува општествен капитал. На пример, претпријатие има огромен капитал односно огромен имот, но тој имот го има купено со кредити и неплатени обврски спрема обавуваитне, односно пример, актива 100 милијарди, кредитни обврски 100 милијарди, е разликата е 0. Според дефиницијата како се дава во членот 7, ставот 1 тоа претпријатие нема вредност и што е економски апсурд Тоа претпријатие има вредност, но нема општествен капитал. Во тоа е суштината на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

г-дин Миљовски

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ;**

Овде се губи од предвид повторно ми се чини онаа линија која што се изгуби од предвид кога дискутиравме околу насловот на законот. Ние говоревме дека ги трансформираме претпријатијата како субјекти потполно со сите нивни обврски и со целата нивна пласираност во животот. Оттука за да биде појасно да не употребувам можеби економски термини и да не внесам нова збрка. Едноставно, претпријатие кое што има големи долгови и голем имот, меѓу другото уште поголеми долгови, ќе има мал општествен капитал. Меѓутоа, идниот сопственик не ја

наследува обврската да ги плаќа сите долгови. Според тоа, нема никаква забуна. Вие можете да направите и друг начин. Некој друг да ги преземе долговите, наеднаш претпријатието цената ќе му порасте, ќе му биде многу голема. Меѓутоа тој сопственикот кој што ќе го купи тоа претпријатие нема никаква обврска да ги плака долгови- те. Значи, претпријатие каде што има долгови има и мал општествен капитал, заради тоа што идните обврски се многу големи. Тоа е многу јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? /никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше,.

Кој е за, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака)

16 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 8 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше,

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 8 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

бидејќи Владата на Република Македонија го прифати овој амандман во модифицирана форма, го молам пратеникот Иван Иванов да се изјасни дали го прифаќа предлогот на Владата? (г-динот Иван Иванов не е присутен на седница) Ако е тука викнете го да видиме.

Она што е прифатено во модифицирана форма, та е составен дел на предлогот. Добро, да одиме на расправа.

Дали некој бара збор по овој амандман? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (не)

Значи, овој амандман не се прифаќа, а прифатеното е состав! дел на уставниот текст.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Молам кој бара збор? (

Ве молам,овој амандман е на член 9.

Дали г-дине Стефковски барате збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

15 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски на член 9.

VIII/11.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,м го заклучувам претресот по амандманот, Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на челн 9 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски .

Молам кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 и 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 и 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање на два нови става по ставот 3 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Молам кој бара збор? (никој)

Господинот Манев го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 4 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за менување на став 4 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

IX/2

Отворам претрес по амандманот на член за менување на текстот на член 10 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници без разлика што досега ниеден амандман не поминал, јас сум должен согласно своите принципи да го образложам и овој амандман, со кој се предлага текстот на членот 10 да се брише и да се додаде нов текст кој се однесува на поделбата на општествениот капитал, на државен во висина од 52%, капитал кој ќе биде поделен на сите граѓани на РМ, државјани, полнолетни. Тука влегуваат не само работниците, за кои што се предлага да има попусти, туку овој 30% капитал врз основа на потврди предлагам да се подели на сите полнолетни граѓани. Тоа значи и на работниците и на земјоделците, новинарите итн. итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За член 10 зборувате нели

**СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:**

Да за член 10 зборувам. Сигурно го немате вие господине Бојковски и затоа не знаете зошто зборувам. Тоа е ваша слабост.

Значи, предлагам овој капитал да се подели во 30% износ на сите граѓани на РМ , полнолетни, државјани. Значи, не само работниците да се тие кои учествувале во создавање на тој капитал. По мое мислење учествувале сите граѓани државјани на РМ. Тоа значи и земјоделецот кој можеби продавал тутун во една монополска организација, која му исплаќала одредена цена, па и тој допринел за создавање на тој капитал. И новинарот со својата работа, и полицаецот и невработените, тој што немал среќа да се вработи итн. итн.

Третиот корисник на оваа поделба би бил Фондот за пензиско инвалидско осигурување во висина од 17% како услов за создавање на еден фонд кој ќе биде примерен на правите фондови кои ги имаме и на запад, односно еден почетен капитал. Ми се чини дека министерот за развој кажа дека некаде предмет на трансформација е еден капитал во висина околу 3 милијарди долари, што значи некаде околу 450 милиони долари би му припаднале според мојот предлог на фондот за пензиско инвалидско осигурување како еден предуслов за создавање на еден прав фонд, затоа што да не заборавиме дека ние имаме сега некаде околу 200 илјади пензионери, но утре и ние, и другите што се вработени ќе бидат исто така пензионери.

Инаку, од државниот капитал што ќе биде предмет на продажба ќе се намират и обврските кон поранешните сопственици кон девизните штедачи, долгот што го има државата кон странство, и министерот Миљовски зборуваше пред часа кој е тој што ќе ни ги врати долговите и кон девизните штедачи и кон странство. Да не им ги оставиме на нашите идни поколенија. Затоа треба да мислиме на- вистина на овој начин за еден подолг период да се приберат тие средства. Во тоа е суштината на мојата заложба за амандманот на член 10 на Законот, без разлика што некои се изјаснија дека не го прочитале и не знаат за што се работи.

Повелете, јас апелирам да гласате, меѓутоа тоа е ваше право.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас ќе го пренесам само ставот на Комисијата за стопанство која што ги разгледа поднесените амандмани и мислењата на Владата а се однесува на амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Стоиле Стој ков.

Комисијата заклучи дека се работи за сосема друг концепт на предлог на закон и оттука сметам дека треба да бидеме пократки во образложенијата на самите амандмани, бидејќи тие се со- сема за едни други решенија, а со самото тоа сигурно и постапката за одлучување ќе ја забрзаме. Значи Комисијата не ги прифати во целост поднесените амандмани, затоа што се однесуваат за сосема друг концепт. Тоа го образложи и самиот предлагач, а и самиот на Комисијата изјави дека се работи за сосема друг концепт, кој нај- веројатно ќе има шанса во наредниот период да го предложи.

**СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно е тоа дека се работи за еден друг концепт од тој што го предлага Владата, меѓутоа мое право е како пратеник, делов- ничко право секој амандман што сум го поднел и да го образложам без разлика што се работи за еден 40 амандмански нов концепт. Ќе потсетам, нашиот политички ангажман како пратеници во ова Собрание се разликува бидејќи сите ние припаѓаме на различни партии. Ако коалиционата Влада, како коалициона Влада составена од СДС, Рефомските сили, ПДП - НДП, Социјалистичката партија, па ПЦЕР со еден пратеник, значи тие нудат една своја политичка опција за концептот за трансформација на општествениот капитал. Јас како член на опозицијата исто така имам право да понудам свој концепт, затоа што ако мислев политички исто како вас ќе бев во таа пози- ција а јас сум член сега на опозицијата. Во тоа е суштината и јас нормално кога ќе оценам за потребно за секој мој поднесен амандман деловничкото право ќе го искористам и ќе го објаснам моделот што го предлагам, затоа што во една емисија како што го слушнав министерот Јане Миљоски кажа дека овој модел е Чешкиот. Дел од моделот јас што го предлагам , само во однос на ваучерите е

Чешкиот, а другиот би го нарекол еден комбиниран модел , со поделба, затоа што општествена сопственост имаме само во таа бивша СФРЈ, а со тоа и во РМ. Во ниедна друга држава немавме општествена сопственост имавме државна сопственост, и во Русија и Т1ешка, итн. итн. државата одлучи на еден начин да му поклони преку ваучери дел од таа државна сопственост на населението од- носно на сите граѓани. Еве во тоа е разликата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23 пратеника) Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на текстот поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници амандманот што го дадов не се коси со концепцијата на законот. Едноставно упатува трошоковите за постапка за трансформацијата да паѓаат на товар на агенцијата а не на товар на претпријатието. Со која идеја ова е направено? Мислам дека во трошоците за постапка каде што најголем трошок ќе биде проценката на вредноста на фирмата и која што проценка ќе ја вршат овластени проценители односно овластени организации од страна на агенцијата можно е да дојде и до злоупотреби односно малверзации од една единствена причина што овие организации ќе треба да се договараат заедно со раководството на одредена фирма за цената на проценката па истовремено би можеле да се договараат и колкава може да биде таа проценка.

Со цел да се избегнат евентуалните малверзации на линија проценител и претпријатие за проценка мислам дека е многу подобро товарот за трошоците да падне на агенцијата и со тоа би дошле до многу пореални проценки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Ристо Станковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 13 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 11 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 11 поднесен од пратеникот Томислав Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Поднесениот амандман за измена на членот 11 се состои во тоа што постапката на трансформацијата треба да се врши во зависност од големината на општествениот капитал. Според тоа претпријатија со капитал до 500 илјади Германски марки да се сметаат за мали претпријатија, од 500 до милион и петстотини илјади германски марки за средни претпријатија и над 1 милион и 500 за големи претпријатија.

Ова го предлагам од причина што законот врши трансформација на општествениот капитал, а не на претпријатијата па оттука сметам дека ова е единствениот правилен критериум за вреднување на претпријатијата. Во практиката сите сме свесни дека имаме големи претпријатија со мал капитал и обратно. Суштината е во тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 11 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 4 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам кој бара збор?

Комисијата го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Господинот Стефковски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 12 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (девет пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 12 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков

IX/8

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 13 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Со амандманот 9 за текстот на членот 13 да се брише и текстот да гласи како што предлагам, се разликува од предлогот на Владата, затоа што претпријатијата ги класифицира на 4 вида мало претпријатие кое би требало да го продаде својот дел од акциите од државниот капитал во рок од 2 години се право на првенство на откуп од вработените со попуст од 10%. Значи вработените и покрај тоа што се предвидува да имаат удели во ваучерите, секој да добие ваучер и плус да има право на откуп на акциите од државниот капитал со попуст од 10%. Тоа е таа можност, според мене вработените да се анимираат да го откупуваат во овој случај државниот капитал.

Средното претпријатие во рок од 3 години, исто така со попуст за вработените од 10% и средно - големо претпријатие во рок од 5 години со право на првенство на откуп од вработените исто така од 10 години, додека за големото претпријатие за разлика од Владата, ќе ги кажам и причините заради кои така предлагам, само процентуалниот износ од државниот капитал од 30% ќе го продаде во рок од 5 години, додека оној 70% дел од својот државен капитал ќе го замрзне за продажба во рок од 5 години од следните причини. Да се потсетиме дека ние такви големи системи имаме, како што е Железара, Металскиот завод, Охис, Македонка, Тетекс, Југохром, Топилница Велес итн. а Владата во својот предлог за управување со такви претпријатија предвидува, иако поднесе и еден амандман со некои клаузули за ставање на хипотека на приватната сопственост на тие што ќе им биде дадено на управување...

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение)

Меѓутоа, за големите претпријатија треба да обезбедиме на некој начин државата во прво време додека го има тој капитал како државен капитал да биде таа која ќе управува со вакви фирми од познатите причини. Затоа што за 10% некоја странска фирма може да вложи капитал од 10%, да дојде овде да го откупи правото на управување и за година - две таа наша голема фирма односно голем индустриски систем на некој начин да го доведе до стечај, за две-три години да исцица како што велат економистите, тоа и господинот министер го употребува честопати, три-четири пати поголем капитал од оној што вложил 10% капитал и ќе имаме можеби за три-четири години голема невработеност, овие системи ќе бидат пропаднати. Значи некаде по 10, 12 или 5 илјади работници ќе останат на улица. Такви случаи се случија ми се чини во Унгарија, Чешка, незнам каде. Словенците поучени од тие случаи што се случија самите своите железари да ги спомнам на некој начин, иако и тие сакаа една ваква одредба да дадат дека со 10 или 15% некој може да го земе правото на управување и раководење, тие се откажаа од овие причини што ги изнесов пред малку, конкурентските железари во другите западноевропски држави не би ги затвориле на некој начин словенечките железари. Мислам дека исто така ние треба тука да размислиме иако Владата кажува дека нешто размислува, меѓутоа, јас ќе ја споменам само, ако тој што ги купи за 10% правата за управување и раководење има еден свој капитал од 50 илјади марки, како што денес слушнавме на Комисијата за стопанство, ќе излезе дека ќе го жртвува тој капитал, таа хипотека што ќе му се стави на неговиот приватен имот, ако некоја странска конкурентна фирма му понуди да launched речеме 300 или 400 илјади надокнада за тоа што ги жртвувал тие 50 илјади марки или долари во тоа е разликата меѓу концептот што го предлага Владата и ова што го

X/2.-

предлагам јас за класификација на фирмите во четири класи, а Владата предлага во три со онаа клаузула за големите системи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 13 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 14, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.'

Кој е за, молам да крене рака.

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на членот 14, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 3, под- несен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, членот 14 практично значи едно решение со кое треба да се изврши контрола над

извршената трансформација досега со досегашниот важечки закон и лично ценам дека тоа е една оправдана работа и заслужува целосно поддржување.

Меѓутоа, во делот на понуденото решение се споменуваат две административни мерки кои со себе носат можност целокупната постапка да се одолговлекува, односно надлежната агенција да може во еден подолг временски период да го држи процесот на завршувањето на констатациите од извршената контрола. Имено, овде се споменуваат две функции кои треба да бидат извршени во овој контекст, едната е контролата, другата е ревизијата. Лично мислам, а тоа е и содржината на амандманот, дека две вакви активности за една иста работа се непотребни. Од тие причини, сметам дека ако се изврши квалитетно контролата на состојбите од извршената трансформација по претходниот закон, тогаш одвишна е додатната контрола со ревизија- та, иако сигурно тие како контрола и ревизија од стручен аспект имаат и различна тежина. Од тие причини предлагам и со овој амандман барам две исти решенија да не бидат ставени како кочница за побрзото завршување и констатирање на состојбите од веќе извршените трансформации во претпријатијата.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас сакам овде само да појаснам една работа. Контрола и ревизија не се две работи кои се предвидени во секој случај и во секоја трансформација. По правило, секоја извршена трансформација подлежи на контрола. Ревизија е точно определена сметководствена постапка која трае доста долго време и која не можеме да ја избегнеме дури и да ја избришеме од овде. На пример, секој странски инвеститор, за да ја оцени вредноста на едно претпријатие, бара ревизија на неговото работење. Што значи тоа? Оценка не само на завршните сметки туку и на

квалитетот на работењето. Значи, ревизијата е една поопстојна контрола која и во сосема бенигмен случај може да биде побарана од странски инвеститор кој сака да купи претпријатие. До сега не се случило странците да вложат во некое претпријатие без да «побараат ревизија на неговото работење завршено од овластена куќа за тоа по светски формат. Ние го оставаме исто тука затоа што во одделни случаи може да се случи агенцијата да сака да побара ревизија на работењето за да се види дали на правилен начин се форми- рани завршните сметки и дали е правилно прикажана ситуацијата. Во никој случај тоа може да биде потребно и од тука не се двете решенија да одат паралелно туку оди само контрола, по исклучок, по барање или на агенцијата или на заинтересираната странка која го купува претпријатието може да се врши ревизија. Само се дава таа можност да се направи, а по правило таа не се прави затоа што трае долго, скапа е, ангажира многу стручни луѓе. Тука само се отвора можноста да се направи и ми се чини дека нема дуплирање.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Му благодарам на господинот Миљовски за дополнителното објаснување и мислам дека тоа држи место, со тоа што ова што го зборува како потреба за ревизија веќе е на некој начин една постапка која може да дојде во одредени случаи и потреби. А овде се работи за констатација на состојбата во поглед на извршената трансформација која што се санкционира со делот на законот. Овие дејанија за кои зборуваше господинот Миљовски, тоа се по потреба на договорени странки, ако во дадениот случај се појави одреден интерес, одредена потреба и друго. Додека вака како што е дефинирано практично стои дека ревизијата може да се врши на секој правен субјект кој извршил трансформација и во секое време, а особено што тоа не е временски ограничено односно

во еден член, не се сеќавам кој, таму е дадено и до две години, што дава можност агенцијата во се- кое време да може овие работи дополнително да ги врши. Според тоа, не станува збор за посебни услуги. Ако е тоа така, тогаш формулацијата треба да биде поинаква.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 14 став 3 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 15 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на членот 15 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 15, став 1 за бришење на алинеја 3 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за овој амандман.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а ми се чини дека објаснувањето што го дадов по однос на амандманот на господинот Иван Иванов одговара и на објаснувањето во врска со овој амандман.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, во врска со амандманот на член 15 сакам да ви укажам дека токму на овој член 15 ние поднесовме три амандмани и тоа на ставот 1 алинеја 3, потоа на истиот овој член 15 на ставот 1 алинеја 6 и посебен амандман на ставот 2. Напоредно со образложението за амандманот 1 на овој член што се однесува на алинеја 3, сакам со неколку зборови да кажам и за останатите два амандмани.

Во прилог на првите два амандмани го молам министерот да има предвид дека со додавањето на овие извештаи и податоци, за кои станува збор во членот 15, односно во алинејата.,.3 каде што стои - Извештај за извршената ревизија на годишната пресметка, ако агенцијата побарала да биде извршена таква ревизија и на алинејата 6 - податоци и докази за правата на сопственост, располагање, користење и управување со недвижностите, сметаме дека со додавањето ток- му на овие извештаи и на овие податоци постои опасност на некој на- чин агенцијата да биде пречка за побрзата приватизација односно да го забави процесот на приватизација и од тие причини ние сметаме дека поднесувањето на такви податоци односно такви извештаи треба да се укине, односно да се бришат овие две алинеи.

По однос на ставот 2 од истиот член, кој што се однесува на тоа дека агенцијата треба да донесе посебно упатство за подготвување на програмата и начинот за остварувањето на приватизацијата, сметаме дека токму таа дејност треба да биде решена со статусот на агенцијата, а не со упатството. Исто така, и овој амандман е во прилог на забрзување на процесот на трансформацијата и од тие причини предлагаме и овој член да се брише, со цел да се придонесе да има што помалку пречки што ќе го забават процесот на приватизацијата.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас морам да признам дека кога ги видов овие амандмани бев малку зачуден за нивната содржина затоа што она што ние го бараме во член 15 е извештај за ревизија, доколку таква ревизија е побарана од агенцијата или од странски инвеститор. Ми се чини нема никаква брзина да се добие ниту изгуби ако странскиот инвеститор бара ревизија, или пак ако се работи за таков случај каде агенцијата ќе оцени дека е потребна ревизија. Меѓутоа, она што би се постигнало со бришењето на таа алинеја за која говориме' би се намалил степенот на можноста за контрола. Тоа е точно. Ако тоа беше цел, тогаш навистина сум збунет. Исто така и за алинејата 6. Кај алинејата 6 претпријатието треба да даде податоци и докази и за право на сопственост, затоа што право на сопственост претполага користење и управување со недвижностите. Во нашата економија имаме многу случаи на узурпација на општествено земјиште, на бесправно користење на туѓ имот и со трансформацијата мора еднаш да се изврши контрола дали тоа е направено според закон. Тоа значи и тука се залагате таа контрола дали нешто е спроведено според закон да отпадне.

X/8 . -

Трето, дали агенцијата да пропише на каков начин и како ќе се изготвува содржината на извештајот за проценетата вредност, како и подготвување на програмата. Видете, тоа е помош која агенцијата ја дава на претпријатијата да не бидат одбивани заради тоа што нема еден податок, друг податок, туку се изготвуваат упатства и на сите им се помага за да знаат точно како треба да се изврши трансформацијата. Јас уште еднаш на крај ќе повторам дека навистина не се забрзува, а оваа желба да се намали контролата, јас не верувам дека господинот Арсов ја изменил политичката ориентација да речам, која главно одеше да се зголеми контролата и јас мислам дека сеуште стои на тие принципи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1, за бришење на алинеја 3 поднесен од Драги Арсов, Петар Темелковски Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за бришење на алинеја 6 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1 за бришење на алинеја 6, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Не го прифаќа Владата.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2 за додавање нова алинеја поднесен од пратеникот Симеон Наумовски.

(Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

(Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 16 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Со овој амандман предвидува дека затоа што се залагам за таа државна сопственост кога ќе се приватизира, значи средствата кои ќе се приберат од продажба на државниот капитал и дивидендите условно што ќе се добијат од акциите на државниот капитал, Владата на Република Македонија да донесе една програма за нејзино користење. Основата на користење на овие средства да биде за изнаоѓање можности, односно вложување во вработување на работниците кои ќе останат без работа за

социјална и егистенционална сигурност и за други намени. Значи еден вид да се користат инвестиции за создавање на нови работни места. Тоа е целиот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 16 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 5 поднесен од Комисијата за економска политика и развој и од пратеникот Иван Иванов.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 17 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 17 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Шабан Превала и Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Починувани пратеници, најпрво сакам да истакнам дека ги повлекуваме амандманите на член 17 и 96 од овој закон, поднесен на 20 мај. Наместо нив поднесуваме нов текст за односните членови, што битно се разликуваат од поранешниот текст. Со овој текст, колку што сум информиран на денешната седница на Комисијата за стопанство дал согласност и господинот Миљовски, но кога за ова се разговарало во Комисијата не беше изготвен новиот текст, за што сега тој текст е пред Вас и сметам дека и вие овој предлог ќе го прифатите.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата го прифаќа новиот текст на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 18 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?- (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на членот 18 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 18-а поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман беше прифатен од Комисијата за економска политика и развој, а исто така и од Комисијата за стопанство ч долго време беше во игра, да не речам, меѓутоа, на

синоќешниот договор на пратеничка група на СДС не доби поддршка, и во интерес на донесување на законот за приватизација, односно за трансформација на општествениот капитал, го повлекувам тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Петар Горѓчев има амандман и тој го повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 19 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 19 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 19 за додавање два нови члена 19-а ч 19-6, поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што тој е во врска со членот 19- ч сега мене малку ме буни што тука не одиме по ред член 19, па член 19-а, па член 19-6 коч што сите заедно одат. Не го прифаќа овој амандман од една многу проста причина. Ако ги соберете попустите коч што ги предлага господинот Трпеновска, износот вкупен е повеќе од целокупниот капитал на Република Македонија. Помножете го бројот на

вработените, бројот на пензионерите, просечниот стаж со овие износи што вие ги предлагате ќе сфатите дека Македонија целиот капитал да го стави на еден куп, нема толку пари

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (двајца)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 19 за додавање два нови члена 19-а ч 19-6 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на текстот на став 1,поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никола Крстески, Љубисав Иванов, Благоја Чкатроски , Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мацевски ч Флоре Масалковски.

Молам, кој бара збор?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Со овој амандман кога доаѓа нов член 19-а тоа значи досегашните работници коч беа под стечај, ч беа во состав на овие претпријатија досега се бара да се издвојува покрај за другите работност што ќе стапат под стечај, или бидат отпуштени од работа со трансформацијата на капиталот, ќе треба да се издвојува средства 10% ч за овие работници коч веќе по некој основ дошле под стечај.

XI/8.-

За Црвен крст исто така од хуманитарна гледна точка предлагаме да се издвојува една минимална сума, поради тоа што со трансформација на сите претпријатија 6о приватизацијата се смета дека ќе нема таква хуманитарна поткрепа од тие организации и затоа се предлага да се издвојува една минимална сума од 2-3% од вредноста на капиталот ч се издвојува за потребите на Црвениот Крст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас сакам да го поддржам амандманот, што се однесува до издвојување за Црвениот Крст. Поддржувајќи го поднесениот амандман за обезбедување трајни средства за функционирање на оваа хуманитарна и доброволна организација, сакам да го изнесам следното Прво, оваа организација го носи симболот Црвен Крст, не заради тоа што треба да се сожали, да се доделат некои средства, туку напротив таа таква организација да биде во состојба во секое време да додели хуманитарна помош, покрај другите свои активности. Ова што сега се случува со организацијата на Црвениот Крст во Републиката е недопустливо и тоа во време кога е најпотребна нејзината помош, секнаа сите извори од каде се финансираше активноста, освен изворот од Лотарија на Македонија, што не е ни оддалеку доволно. Сигурен сум дека Владата знае за оваа организација, за тешкотиите со кои се соочува, за препуштеноста на самата себе, односно особено за општинските организации на Црвениот Крст. Некои општински организации не добиваат никакви средства повеќе од 7 до 8 месеци, така што нивната функција се закануваше да се угаси. Благодарение на ентузијазмот на вработените во тие организации, тоа не се случи.

Второ, трансформацијата на општествениот капитал дава можност и за оваа организација да се стекнат трајни извори на средства, без да го наруши концептот на законот, односно 0,5% од средствата, односно акциите предвидени за бесплатно отстапување на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, не се нарушува односот толку да не може Владата и предлагачот да го прифатат ова решение. Во спротивно ги молам колегите и колешките пратеници да размислат опстојно околу ова решение и да го поддржат амандманот.

Јас ги жалам луѓето што работат во Црвениот Крст и што питаат пред вратите на локалната самоуправа за соодветно решение, наместо да делат помош, тие питаат. Но воедно сите треба да се замислиме дали не сме за сожалување со нашиот однос. Некои општински татковци обично немаат слух за овие организации од чисто политички причини, сакајќи да ги политизираат и нив ги стават под свое, што не смее во никој случај да се допушти. Но за да ја задржи својата автономија, што ја имаше досега, да не биде проголта на од политиката и политичките партии, потребно е да има сигурни финансиски приходи, односно потребно е финансиски да биде независна

Поддршката на овој амандман ќе значи поддршка и на оние што им е потребна помош, во крв, во храна, во облека" многу други неопходности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

XI/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратениците Наќе Стојановски, Никола Крстески, Љубосав Иванов, Благоја Чкатроски Владимир Митевски, Димитар Трпеновски, Томислав Пецаков, Трајан Мицевски и Флоре Масалковски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Молам, кој бара збор?

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Целта на овој амандман да дел од уделите кои што ќе се стекнат при трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал 5% да одат во Фондот за здравствено осигурување. Многу пати и преку оваа говорница и преку средствата за јавно информирање беше кажано дека состојбата во фондот за здравствено осигурување е крајно неповолна, таа бележи негативни резултати и како резултат на тоа се одразува врз пружањето на здравствената заштита на населението во Република Македонија.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (Продолжение)

За ваква состојба да се прекрати, предлагам амандманот што изнесува само 5% од уделите да бидат дадени на Фондот, наместо 15% за пензиско осигурување да бидат тие намалени на 10%. Во минатото, здравството постојано беше под една пресија, велејќи од владеачката структура дека зафаќањата во стопанството треба да се редуцираат и на прво место кога доаѓаше до редукција, тоа беше во однос на процентите за здравственото осигурување. Во СИЗ-овите овие проценти се движеа некаде од 6 до 12% а некаде и до 13%. Така што, во здравството, до ден денеска немаме изградено ниту еден објект за рекреација а се како резултат на намалените средства што се собираат во тие СИЗ-ови, односно сега во Фондот.

Оттаму, предлагам овие 5% да бидат наменети за Фондот за здравствено осигурување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.'

Молам, кој е за, нека крене рака? (24 пратени)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Јас предлагам сега да престанеме да работиме иако е 16,55 часот, но утре да се погрижиме да почнеме на време, во 10 часот, кога е овде пријатно да се работи.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).